Ц Д Х В АД
Бр. 01 - 964/
06. 03 24
Скопје

ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР
ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА

Март, 2024 година

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ УПОТРЕБЕНИ ВО ИЗВЕШТАЈОТ

МБХВ	**Македонска берза АД Скопје**
ЦДХВ/Депозитар	**Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје**
КХВ	**Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија**
МФ	**Министерство за финансии**
НБРСМ	**Народна банка на Република Северна Македонија**
РСМ	**Република Северна Македонија**
АННА	**Асоцијација на национални нумерички агенции (ANNA)**
ЛЕИ	**Идентификатор на правни лица (LEI)**
ГЛЕИФ	**Светска фондација за идентификатори на правни лица (GLEIF)**
ИСИН	**Меѓународен број за идентификација на хартии од вредност (ISIN)**
ИОСЦО	**Меѓународна организација на Комисии за хартии од вредност (IOSCO)**

Содржина

1. Вовед 4
2. Деловно окружување 5
3. Информации за извршувањето на основните функции на Депозитарот во 2023 година 7
4. Членки на Депозитарот 16
5. Активности во делот на информатичката технологија 18
6. Правни и нормативни активности 20
7. Меѓународна соработка 27
8. Едукативни и промотивни активности во текот на 2023 година 30
9. Други активности во текот на 2023 година 33
10. Примања на неизвршните членови на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје 36
11. Остварени финансиски резултати во 2023 година 38
Прилог 1 46
Прилог 2 50

1. Вовед

Извештајот за работата на Централниот депозитар за хартии од вредност (Депозитар) во текот на 2023г ги опфаќа условите на деловното окружување што имаа влијание на пазарот на хартии од вредност во Република Северна Македонија, активностите на Депозитарот и податоците од извршувањето на функциите на Депозитарот, како и статистички показатели од работењето на Депозитарот релевантни за пазарот на хартии од вредност во Република Северна Македонија. Извештајот содржи и податоци за финансиското работење на Депозитарот и осврт на други околности согласно одредбите на Законот за трговски друштва за содржината на годишниот извештај за работата на друштвото.

Основите за работењето на Депозитарот се уредени со Законот за хартии од вредност во кој се предвидени основните функции кои ги извршува Депозитарот. Согласно член 32 од Законот за хартии од вредност, Депозитар на хартии од вредност ги извршува следните функции:

1. регистрирање на издавањето и преносот на хартиите од вредност во Република Северна Македонија како електронски запис (водење регистар на хартии од вредност);
2. давање меѓународен број за идентификација на хартиите од вредност (ИСИН) за сите емисии на хартии од вредност;
3. запишување на сопствениците на хартии од вредност;
4. порамнување на трговските трансакции;
5. вршење на нетрговските преноси;
6. овозможување услови за позајмување на хартиите од вредност;
7. следење на финансиската состојба на неговите членки, со цел управување со ризикот поврзан со можно непорамнување на трговските трансакции и
8. вршење дополнителни услуги за издавачите на хартии од вредност.

Депозитарот во име на издавачите на хартии од вредност, може да ги врши следниве дополнителни услуги:

1. доставување на ажуриран список на сите постојни сопственици на хартии од вредност издадени од тој издавач и
2. вршење на други услуги во врска со издадените хартии од вредност како што се пресметка и исплата на дивиденда и/или камата, известување за собранија на акционерите и слично.

2. Деловно окружување

Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје како единствена институција во државата која извршува функции на водење на регистар на хартии од вредност и порамнување на трговски трансакции со хартии од вредност, во текот на 2023г ги извршуваше своите законски надлежности на кои имаат влијание глобалните и домашните економски случувања. Како и во другите земји, така и кај нас големо влијание имаа последиците предизвикани од енергетската криза, порастот на цените на производите и услугите, зголемената стапка на инфлација и воениот конфликт во Украина и конфликтот на Блискиот Исток, во Појасот Газа, чие евентуално проширување би предизвикало значителни нарушувања на енергетските пазари и во глобалните трговски текови, нагорни придвижувања на цените и дополнително зголемување на премиите за ризик на финансиските пазари.

Според анализите на ММФ објавени во јануари 2024г, глобалното економско закрепнување од Ковид-19 пандемијата, руската инвазија на Украина и кризата со трошоците за живот се покажа изненадувачки отпорно на глобалните влијанија. Инфлацијата опаѓа побрзо од предвиденото споредено со достигнатиот пик во 2022г, со помалку од очекуваното негативно влијание врз вработеноста и активноста, а при тоа рефлектирајќи поволен развој на понудата, како и затегнувањата од страна на централните банки, кои што ги зацврстија очекувањата за инфлацијата во рамките на предвиденото. Глобалниот раст е проценет на 3.1% во 2024г и 3.2% во 2025 година, така што предвидениот процент на раст за 2024г е повисок за 0,2% од процентот предвиден во извештајот на ММФ за октомври 2023г пред се поради поголема од очекуваната отпорност на глобалните влијанија во САД и неколку брзорастечки пазари и економии во развој, како и фискалната поддршка во Кина. Имено, предвидувањата за 2024-2025г се под историскиот (2000-19) просек од 3,8%, со покачените каматни стапки на централните банки за намалување на инфлацијата, повлекувањето на фискалната поддршка во услови високо задолжување кое ја отежнува економската активност и низок основен раст на продуктивноста. Глобалната вкупна инфлација се очекува па опадне на 5,8% во 2024г и на 4.4% во 2025г.

Според анализите на ЕЦБ во ноември 2023г и покрај наведените глобални економски текови, финансиските пазари останаа отпорни на влијанијата, но финансиските пазари и небанкарските институции сеуште остануваат осетливи на негативните макро-економски изненадувања. Цените на финансиските пазари даваат знак дека се засновани на оптимистички предвидувања во однос на идната макро-финансиска перспектива, така што остануваат осетливи на негативни изненадувања или шокови. Ваквите случувања на европските финансиски пазари се одразија и на случувањата на Македононската берза.

Депозитарот своите активности во 2023г ги остваруваше под влијание и на повеќе домашни фактори.

Согласно последните податоци на Народната банка на РСМ објавени во кварталниот извештај од февруари 2024г, расположливите високофреквентни податоци за економската активност покажуваат рани знаци на забрзување на годишниот раст во последното тримесечје од годината, при поповолни поместувања како во производствениот, така и во услужниот сегмент. Имено, за последното тримесечје, засега има знаци за преод од негативната во позитивната зона кај годишните стапки на индустриското производство, но и кај извршените градежни

работи и вкупната трговија, и тоа во реални показатели, додека кај реалниот промет во угостителството има забрзување на годишниот раст. Ваквите остварувања засега се во согласност со октомвриските оцени за засилување на годишниот раст на БДП во последниот квартал од годината. Покрај тоа, и намалувањето на инфлацијата, зголемувањето на платите, како и новите пакет антикризни мерки би ја поддржале куповната моќ на домаќинствата во последниот квартал на годината. За целата 2023г, основното сценарио од октомври претпоставува забавување на економскиот раст, односно зголемување од 1,9%, по што се очекува негово забрзување и тој би се искачил на 3% во 2024г и на 4% во 2025 – 2026г. Во последното тримесечје од 2023г, годишната стапка на инфлација дополнително забави, сведувајќи се на 3,4%. За целата 2023г, просечната годишна стапка на инфлација е во согласност со очекувањата и изнесува 9,4% (9,5% во согласност со октомвриските проекции). Според октомвриските оцени, за 2024г се очекува дека просечната инфлација ќе се сведе на нивото од 3,5% до 4% и потоа ќе се стабилизира околу 2% на среден рок.

Што се однесува до пазарот на капитал, на Македонската берза изминатата година продолжи надолниот тренд во вкупниот промет и бројот на реализирани трансакции, додека забележан е раст во МБИ-10 индексот и пазарната капитализација. На крајот на 2023г МБИ-10 индексот изнесува 6.116,23 индексни поени, што претставува зголемување од 8,21% во однос на крајот на 2022г. Вкупната пазарна капитализација на крајот на 2023г. изнесува 231.354.679.050 денари, што претставува зголемување за 7,97% во однос на крајот на 2022г, додека остварениот промет во текот на 2023г. на изнесува 4.617.690.497 денари или намалување од 37,97% во однос на 2022г.

Состојбата на државните хартии од вредност на крајот на годината изнесуваше 186.585,6 милиони денари. Споредбено со крајот на 2022г, состојбата на државните хартии од вредност е повисока за 33.263,8 милиони денари и истото произлегува од зголемувањето на состојбата на државните обврзници за 31.721,7 милиони денари, како и зголемување на состојбата на државните записи за 1.543.1 милиони денари.

3. Информации за извршувањето на основните функции на Депозитарот во 2023 година

Детални показатели од извршувањето на основните функции на Депозитарот во 2023г:

Активни издавачи во системот на ЦДХВ, со состојба 31.12.2023г

	31.12.2023	31.12.2022	%
Издавачи	433	439	-1,37

Хартии од вредност во системот на ЦДХВ, со состојба на ден 31.12.2023г

	Број на активни ИСИН-и	Издадена количина	Номинален капитал
Акции	452	388.059.789	212.451.021.400
Обврзници	220	302.290.476	139.055.280.835
Останати ХВ	23	4.278.448	42.784.480.000

Сметки на имателі

Структура на сметки во системот на ЦДХВ, по типови сметки, со состојба на ден 31.12.2023г

Тип на сметка	Номинален капитал (МКД) 31.12.2023	% промена во однос на претходната година	Број на сметки 31.12.2023	% промена во однос на претходната година
Сопственичка сметка	244.008.882.341	-0,96	62.737	1,71
Портфолио сметка	88.885.962	-2,77	121	-3,20
Застапничка сметка	17.816.900	-48,71	5	25,00
Старателска сметка	89.125.722.457	20,27	35	9,38
Други сметки	61.049.474.573	11,36	3.290	16,05

Структура на имателі

Структура на инвеститори според тип во системот на ЦДХВ, со состојба на ден 31.12.2023г

Инвеститор	31.12.2023	31.12.2022	Процент на промена
Домашни физички лица	61.199	60.067	1,88
Домашни правни лица	1.763	1.754	0,51
Странски физички лица	879	913	-3,72
Странски правни лица	151	148	2,03

Утврдување и порамнување на трговски трансакции

Утврдување и порамнување на трансакции склучени преку Берза

Порамнети трансакции во 2023г склучени на Македонската Берза АД Скопје, изразени во вредност на трансакциите во МКД, број на хартии од вредност и број на трансакции.

МБХВ	Вредност 2023 година (МКД)	Вредност 2022 година (МКД)	Процент на промена
Вредност (МКД)	4.619.729.827	7.458.684.285	-38,06
Количина ХВ	6.125.633	16.692.938	-63,30
Број на трансакции	11.978	17.282	-30,69

Број на порамнети берзански трансакции склучени преку МБХВ во текот на 2023г по членки – берзански посредници:



Од 01.07.2019г. започна новиот начин на порамнување, со што се овозможи членките-чувари да бидат учесници во порамнувањето во делот на паричните средства, на куповна и на продажна страна, за клиентите со кои склучиле договор за чување на хартии од вредност или договор за чување на имот за инвестициски или пензиски фондови.

На следниот графикон прикажан е број на порамнети берзански трансакции склучени преку МБХВ во текот на 2023г, по членки – чувари на имот (прикажаните вредности се дел од претходниот графикон каде е прикажан број на порамнети трансакции по членки – берзански посредници):

Вредност на порамнети берзански трансакции склучени преку МБХВ во текот на 2023г по членки – берзански посредници:



На следниот графикон прикажани се вредностите на порамнети берзански трансакции склучени преку МБХВ во текот на 2023г, по членки – чувари на имот (прикажаните вредности се дел од претходниот графикон каде се прикажани вредностите на порамнетите трансакции по членки – берзански посредници):



Порамнување на трансакции склучени на ОТЦ пазарот

Во следната табела се прикажани податоци за порамнувањето на трансакции склучени на ОТЦ пазарот и порамнети во реално време.

ОТЦ	Вредност 2023 година (МКД)	Вредност 2022 година (МКД)	Процент на промена
Вредност (МКД)	642.872.199	60.566.278.887	-98,94
Количина ХВ	65.500	6.356.190	-98,97
Број на трансакции	15	128	-88,28

Трансакциите на ОТЦ пазарот се реализирани преку 7 учесници на продажна страна и 7 учесници на куповна страна.

Нетрговски преноси на хартии од вредност

Податоци за спроведени нетрговски преноси во системот на ЦДХВ во текот на 2023г по основ на подарок, наследство и судски одлуки:

Основ	2023 година	2022 година	Процент на промена
Наследство	1.084	1.246	-13,00
Подарок	337	317	6,31
Судска одлука	2	17	-88,24

Спроведени корпоративни дејства во Депозитарот

Податоци за спроведени корпоративни активности на акционерски друштва-издавачи на хартии од вредност во системот на ЦДХВ во текот на 2023г:

Активност	2023	2022
Евидентирани нови акционерски друштва	8	14
Доделени нови ИСИН-и со основачки емисии	8	14
Нови емисии-акции на постоечки АД	10	14
Нови емисии-корпоративни обврзници на постоечки АД	1	2
Евидентиран стечај на АД	4	7
Евидентирана ликвидација на АД	-	3
Извршена преобразба на АД во друга форма на друштво	3	2
Извршено намалување на основна главнина кај АД	1	1
Поделба на акции	1	1
Останато	20	9

Подетални информации за акционерските друштва кај кои во 2023г се спроведени корпоративни активности се дадени во Прилогот 2 кон овој Извештај.

Овозможување на право на увид во акционерска книга

Согласно одредбите на Законот за трговските друштва, Депозитарот им овозможува на заинтересираните акционери увид во акционерските книги кај друштвата кај кои поседуваат акции и/или издавање копија од акционерска книга. По тој основ, во 2023г во Депозитарот се спроведени следните активности:

Активност	2023	2022
Извршен увид во акционерска книга	20	27
Копија од акционерска книга	30	34

Постапки за јавни понуди

Во март 2023г, Депозитарот склучи Договор со Општина Аеродром за меѓусебна соработка во постапка на јавна понуда на хартии од вредност – општински обврзници издадени од издавачот Општина Аеродром.
Во вториот квартал од 2023г, Депозитарот склучи поединечни Договори со Општина Штип, Општина Илинден и Општина Гази Баба за меѓусебна соработка во постапка на јавна понуда на хартии од вредност – општински обврзници издадени од овие општини.
До крајот на 2023г не се преземени други активности по однос на овие постапки, имајќи предвид дека од страна на општините не се доставени потребни документи за продолжување на постапките.

Постапки за преземање на акционерски друштва во ЦДХВ

На 13.04.2023г Депозитарот склучи Договор за вршење на услуги во постапката на преземање на Акционерското друштво за производство, преработка, трговија и монтажа на украсен камен МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп број 08-1215/6 со ДОЛИТ ИНВЕСТМЕНТС АД основано од едно лице, Атики Грција како Преземач. По спроведените активности, а заклучно со 30.06.2023г во целост е спроведена постапката на преземање на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп, од страна на преземачот. Целосно беше спроведена исплата кон акционерот кој ја прифати понудата за откуп на акциите од страна на понудувачот, согласно доставената изјава од страна на Комерцијална банка АД Скопје. На сметката на преземачот беа пренесени 60 обични акции, или 0,0013 % од вкупниот број на обични акции издадени од друштвото.

Заклучно со 22.09.2023г, во Депозитарот во целост е завршена постапката на преземање на Мелничко пекарска индустрија Жито Караорман АД Кичево, од страна на преземачот Арифи Селаудин од Кичево. Не е спроведена исплата кон акционери на издавачот, ниту на сметката на преземачот се пренесени обични акции издадени од друштвото Мелничко пекарска индустрија Жито Караорман АД Кичево, со оглед на тоа што до завршување на постапката за преземање, до Депозитарот не беа доставени Изјави за прифаќање на понудата на преземање од ниту еден акционер.

Во третиот квартал од 2023г Депозитарот склучи Договор за вршење на услуги во постапката на преземање на Акционерското друштво за производство, преработка, трговија и монтажа на украсен камен МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп број 08-3148/4 од 21.09.2023г со ПАВЛИДИС едно лице АД, Драма, Грција како Преземач. Постапката во целот е завршена во последниот квартал од 2023г, при

што не е спроведена исплата кон акционери на издавачот, ниту на сметката на преземачот се пренесени обични акции издадени од друштвото МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп, со оглед на тоа до завршување на постапката за преземање, до Депозитарот не беа доставени Изјави за прифаќање на понудата на преземање од ниту еден акционер.

Заклучно со 04.10.2023г, во целост е завршена и постапката на преземање на Единство АД конфекција и трикотажа Струмица од страна на преземачот Сашко Кузманов. И во оваа постапка не е спроведена исплата кон акционери на издавачот, ниту на сметката на преземачот се пренесени обични акции издадени од друштвото Единство АД конфекција и трикотажа Струмица, со оглед на тоа што до завршување на постапката за преземање, до Депозитарот не беа доставени Изјави за прифаќање на понудата на преземање од ниту еден акционер.

До Депозитарот на ден 23.11.2023г доставена е Намера за преземање на ЖИТО ПОЛОГ АД Тетово, од страна на преземачот ОРКА Холдинг АД Скопје, а на ден 25.12.2023г доставена е Намера за преземање на МАКПЕТРОЛ АД Скопје, од страна на преземачот ОИЛКО КДА Скопје, за кои постапки активностите ќе продолжет во 2024г.

Постапки за исплата на дивиденда

Согласно член 32 од Законот за хартии од вредност, во 2023г Депозитарот склучи поединечни Договори за меѓусебна соработка при спроведување на постапка за пресметка и исплата на дивиденда на акционерите на три акционерски друштва – издавачи на хартии од вредност, како и пресметка и исплата на соодветните даноци кон Управата за јавни приходи за овие друштва. Имено, вакви договори беа склучени со: Универзална инвестициска банка АД Скопје, УСЈЕ АД Скопје и ОКТА АД Скопје, по што во вториот, а и третиот квартал се преземаа низа активности предвидени со одредбите од договорите.

Согласно Договорите за меѓусебна соработка при спроведување на постапките за пресметка и исплата на дивиденда на акционерите на Уни банка АД Скопје, УСЈЕ АД Скопје и Окта АД Скопје за 2022г. и пресметка и исплата на соодветните даноци кон Управата за јавни приходи, во Дирекцијата за Информатичка технологија се изврши пресметка на дивиденда и данок како и автоматско генерирање на Swift пораки за нивна исплата и автоматско генерирање на известувања до акционерите кои до рокот на исплатата не доставиле информации за платежните сметки за исплата на паричните средства.

Според договорните одредби, во ИТ Дирекцијата во Депозитарот се изврши и автоматско генерирање на ПП53 образци во форма на xml фајлови и нивно доставување до издавачите; по завршувањето на двата рока за исплата извршен е поврат на паричните средства за неисплатените акционери до издавачите; изготвени се извештаи за исплатени и неисплатени акционери и истите се доставени до издавачите и испратени се известувања до акционерите за исплатена бруто/нето дивиденда и исплатен данок кон УЈП.

Податоци за извршените исплати по издавач:

Издавач	Исплатен износ (МКД)	Број на акционери
Уни банка АД Скопје	150.523.356	245
Усје АД Скопје	716.865.763	236
Окта АД Скопје	183.530.494	1.148

Активности во врска со корпоративни обврзници

Во системот на ЦДХВ со состојба на 31.12.2023г. се регистрирани 8 корпоративни обврзници од 5 издавачи со вкупна номинална вредност од 18.183.108 ЕУР:

Во текот на 2023г. извршени се пресметки на камати од корпоративни обврзници со следните износи:

ИБ на издавач	Назив на издавач	ИСИН	број на имателі	Пресметан износ на камати (МКД)
04646088	УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД СКОПЈЕ	MKBLBA200011	48	450.000
04646088	УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД СКОПЈЕ	MKBLBA200029	22	125.000
05111056	КАПИТАЛ БАНКА АД СКОПЈЕ	MKINTP200015	2	431.171
04640063	ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ	MKSILB200014	1	6.785.933
07000324	Осигурително брокерско друштво СН ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД Битола	MKSNOB200014	16	4.549.800
06121110	ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ	MKTTKS200012	10	3.231.008
06121110	ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ	MKTTKS200020	6	2.498.646

На 25.10.2023г Депозитарот склучи Договор за меѓусебна соработка за регистрирање и водење на хартии од вредност издадени од Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, со кој се уредуваат правата и обврските на договорните страни за регистрирање и водење на хартии од вредност издадени од Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, перпетуални обврзници, врз основа на Решение на Комисијата за хартии од вредност на РСМ бр. УП 1 Број 10-139 од 16.10.2023г. Со договорот Депозитарот се обврзува да ги води предметните 1.350 перпетуални обврзници, кои се издадени со вкупна номинална вредност од 1.350.000 EUR.

Активности во врска со државни хартии од вредност

Депозитарот ја има улогата на Регистар на државните хартии од вредност, чиј издавач е Министерството за финансии на Република Северна Македонија. Во табелата која следи се прикажани податоци за активностите на примарниот пазар на државни хартии од вредност во текот на 2023г:

	број на емисии во 2023 година	износ (МКД)	број на емисии во 2022 година	износ (МКД)
Нови емисии на државни хартии од вредност				
3 месечни записи			1	100.000.000
6 месечни записи	1	441.000.000		
12 месечни записи	22	41.688.410.000	21	35.107.860.000
Државни обврзници	24	29.520.460.000	18	10.010.760.000
Вкупно	**47**	**71.649.870.000**	**40**	**35.207.860.000**
Достасувања на државни хартии од вредност				
3 месечни записи			1	100.000.000
6 месечни записи	1	441.000.000		
12 месечни записи	21	35.107.860.000	20	33.010.730.000
Државни обврзници	7	12.090.740.000	7	5.095.020.000
Вкупно	**29**	**47.639.600.000**	**28**	**38.205.750.000**
Пресметки на купони од државни обврзници				
Државни обврзници	182	3.532.375.173	171	3.193.273.478

Во текот на 2023г, запишани се вкупно 24 државни обврзници, од кои според рочноста се запишани четири двегодишни, една тригодишна и деветнаесет државни обврзници со рочност од петнаесет години. Шест од регистрираните обврзници се со девизна клаузула, а останатите осумнаесет се без девизна клаузула.

Во 2023г. извршена е и пресметка на рати и камати од обврзниците за денационализација од Дванеасетта до Дваесет и прва емисија, а истовремено целосно доспеаа обврзниците за денационализација - Дванаесетта емисија.

На 27.11.2023г. е издадена обврзница за денационализација - Дваесет и втора емисија во износ од 4.500.000 EUR. Обврзницата е запишана на сметките на 288 физички лица и на 7 верски објекти.

Активности во врска со издавање на граѓански обврзници

Во текот на 2023г, Министерството за финансии како издавач на државни хартии од вредност, најави издавање на нов инструмент на финансискиот пазар - емисија на Граѓански обврзници. Граѓанските обврзници се долгорочни државни хартии од вредност наменети за граѓаните, кои имаат за цел да ја поттикнат инвестициската активност кај граѓаните, да влијаат врз понатамошно развивање на пазарот на капитал во земјава и да им донесат приноси на имателите на тие обврзници. Исто така, граѓаните ќе можат да ги инвестираат своите готовински заштеди во граѓански обврзници, со што преку банкарскиот систем ќе се мобилизира, односно ќе се намали готовината во оптек, што е еден од начините за сузбивање на сивата економија и тоа со целосно почитување на постојните законски прописи и меѓународни стандарди за заштита од перење пари.

Заради усогласување на правната рамка која ќе овозможи издавање на граѓански обврзници, во текот на 2023г се одржаа повеќе состаноци со Министерството за финансии како издавач, НБРСМ како агент, деловните банки како директни учесници и Депозитарот како Регистар на државни хартии од вредност. Како резултат од дискусиите беше донесен нов *Правилник за издавање и исплата на државни хартии*

од вредност на домашниот финансиски пазар со што беа исполнети условите за издавање и регистрирање на овој нов инструмент.

Како резултат на погоренаведените активности, во текот на 2023г се запишани две емисии на Граѓански обврзници наменети за физички лица – државјани на РСМ, со рочност од две години, каматна стапка од 5% и без девизна клаузула од кои првата емисија во износ од 1.448.030.000 МКД, распоредена на 1195 иматели и втората емисија во износ од 1.085.480.000 денари, распоредена на 896 иматели на хартии од вредност.

Активности во врска со издавање на структурни обврзници согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа

Согласно измените на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, Министерството за финансии во 2023г издаде структурни обврзници, како инструмент за обезбедување на финансиски средства за финансирање на доспеаните, а неплатени обврски од страна на општините Тетово, Виница и Желино, а со истите ќе може да се тргува на секундарниот пазар и ќе може да се користат за подмирување на обврски кон Управата за јавни приходи.

За таа цел, Депозитарот склучи трилатерален Меморандум за соработка со Министерството за финансии и Управата за јавни приходи за начинот на користење на структурните обврзници за регулирање на доспеани, а неплатени обврски на општините Тетово, Виница и Желино. Имајќи ги предвид законските рокови за запишување на структурните обврзници и доставените Одлуки на Владата на РСМ и Проспекти од страна на Министерството за финансии, беа запишани три структурни обврзници за регулирање на доспеани а неплатени обврски на општините Тетово, Виница и Желино во вкупен износ од 274.417.404 денари.

Согласно одредбите од Меморандумот, како и од страна на Депозитарот донесен интерен акт за таа цел, а во декември 2023г, Депозитарот постапи по првите налози на Министерството за финансии поднесени од 6 иматели на структурни обврзници за подмирување на обврски кон Управата за јавни приходи, при што заклучно со 31.12.2023г, се искористени структурни обврзници во износ од 18.854.913 денари.

4. Членки на Депозитарот

Членки-берзански посредници

Во текот на 2023г бројот на членки-берзански посредници остана непроменет споредбено со 2022г. Имено, во Депозитарот членуваа 10 членки-берзански посредници, од кои 5 се банки, а останатите 5 членки се брокерски куќи.

	Код на учесник	Назив	01.01.2023	31.12.2023
1	ЕХ	ЕУРОХАУС АД СКОПЈЕ	√	√
2	ИЛ	ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД СКОПЈЕ	√	√
3	ИН	ИНОВО БРОКЕР АД СКОПЈЕ	√	√
4	КБ	КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ	√	√
5	МИ	ИНВЕСТ БРОКЕР АД	√	√
6	СБ	СТОПАНСКА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ	√	√
7	ТК	ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ	√	√
8	ТН	НЛБ БАНКА АД СКОПЈЕ	√	√
9	ФР	ФЕРШПЕД-БРОКЕР АД СКОПЈЕ	√	√
10	СП	ШПАРКАСЕ БАНКА АД СКОПЈЕ	√	√

Контрола на членките-берзански посредници

Во текот на месец декември 2023г од страна на Депозитарот извршена е контрола на работењето на следните членки на Депозитарот: НЛБ Банка АД Скопје, Стопанска банка АД Скопје и ТТК Банка АД Скопје.

Првичен критериум за утврдувањето на трите членки-берзански посредници кои ќе бидат предмет на контрола беше членката да не била контролирана последните две години. Врз основа на овој критериум утврдени се четири членки и тоа:

- ТТК Банка АД Скопје (контролирана 2020та година).
- Стопанска банка АД Скопје (контролирана 2020та година).
- Фершпед брокер АД Скопје(контролирана 2020та година).
- НЛБ Банка АД Скопје (контролирана 2019та година).

Врз основа на првичниот критериум од претходниот став утврдени се 4 членки, и од таа причина земен е предвид дополнителниот критериум од избраните берзански посредници да се изземе членката која е со најмала вредност на купопородажни трансакции во референтниот период (Фершпед Брокер АД Скопје).

Контролата е извршена од страна на тим составен од еден правник и еден вработен во Депозитарот со познавања од областа на информатичка технологија. Предмет на контролата беше: увид во овластувањата за увид и резервација на хартии од вредност од клиентите на членката и нивното чување, уредноста на внесот на овластувањата за увид и резервација од клиентите во системот на Депозитарот, како и уредноста на документацијата за отворање на сопственички сметки. Согласно изготвените Записници од извршената контрола, кај ниту една од членките не се утврдени неправилности во поглед на предметот на извршената контрола.

За резултатите од спроведената контрола известена е КХВ.

Членки-Чувари

Во текот на 2023г во Депозитарот се евидентирани 4 членки-чувари чиј статус остана непроменет во текот на целата година.

	Код на учесник	Назив	01.01.2023	31.12.2023
1	КБС	КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ	√	√
2	СБС	СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ	√	√
3	СПС	ШПАРКАСЕ БАНКА АД СКОПЈЕ	√	√
4	ТНС	НЛБ БАНКА АД СКОПЈЕ	√	√

ОТЦ-членки

Во текот на 2023г, во Депозитарот членуваа 12 ОТЦ членки, односно бројот на членки остана непроменет споредбено со 2022г:

	Код на учесник	Назив	01.01.2023	31.12.2023
1	SK	СТОПАНСКА БАНКА АД-СКОПЈЕ	√	√
2	TU	НЛБ БАНКА АД СКОПЈЕ	√	√
3	UN	УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД СКОПЈЕ	√	√
4	IV	ШПАРКАСЕ БАНКА АД СКОПЈЕ	√	√
5	IK	ХАЛК БАНКА АД СКОПЈЕ	√	√
6	AL	СИЛК РОУД БАНКА АД СКОПЈЕ	√	√
7	TT	ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ	√	√
8	KB	КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА А.Д.	√	√
9	SL	ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ	√	√
10	IP	КАПИТАЛ БАНКА АД СКОПЈЕ	√	√
11	PK	ПРОКРЕДИТ БАНКА АД СКОПЈЕ	√	√
12	SB	СТОПАНСКА БАНКА А.Д. БИТОЛА	√	√

5. Активности во делот на информатичката технологија

Покрај основните активности кои беа извршувани во Депозитарот во делот на информатичката технологија, а кои значеа одржување на функционалноста на системите на Депозитарот за извршување на неговите основни функции уредени со Законот за хартии од вредност, Правилата и останати акти на Депозитарот, во текот на 2023г беа преземени и следните активности:

Активности поврзани со развој на веб сервиси за потребите на Државната комисија за спречување на корупција на РСМ (ДКСК)

Во текот на 2023г. од страна на вработени во ИТ Дирекцијата на ЦДХВ, развиени се веб сервиси за потребите на Државната комисија за спречување на корупција на РСМ. Со ова се овозможи обезбедување на податоци од системот на ЦДХВ кои се однесуваат на сопственоста над хартии од вредност, заради спроведување на надлежностите на ДКСК во согласност со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Во првата фаза на овој проект се направи анализа на потребите, и по утврдувањето на структурираната електронска форма се пристапи кон развој на веб сервисите согласно техничката спецификација. За тестирање се креираше тест околина и се направија тест сценарија во кои беа опфатени новите функционалности на системот. По успешното тестирање во координација со овластени лица од страна на ДКСК, новите веб сервиси беа подигнати во продукциска околина и беше воспоставена затворена безбедносна комуникациска врска (IPsec VPN) помеѓу двете институции.

Активности поврзани со доставување на податоци за капитални добивки

За целите на Годишниот извештај за стекнување и продажба на хартии од вредност од страна на физички лица кој ЦДХВ треба да го достави до УЈП најдоцна до 15-ти јануари во тековната година за претходната година, во текот на 2023г во координација со другите засегнати дирекции, ИТ Дирекцијата учествуваше во спроведената анализа на законските барања и услови како критериум за развој на систем и основа за пресметка на данок за секој даночен обврзник поединечно.

Disaster Recovery локација на Депозитарот и спроведени тестирања

Во третиот квартал 2023г Депозитарот изврши успешно тестирање на Плановите за обезбедување непрекинатост на работните процеси поврзани со ЦДХВ АД Скопје во услови на кризна ситуација, кога нивното спроведување треба да се извршува од резервната локација на Депозитарот. Во тестот учествуваа вкупно 17 учесници: Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје, Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје, Народна банка на Република Северна Македонија, 10 Членки на ЦДХВ – берзански посредници и 4 Членки на ЦДХВ – чувари на имот. Согласно добиените резултати констатирано е дека тестирањето на функционалностите беше успешно и се одвиваше непречено.

Во текот на 2023г редовно се спроведувани интерни квартални тестирања на функционалностите на системот на Депозитарот на Disaster Recovery локацијата, каде во тестирањето учествуваа вработените во ЦДХВ.

Активности во врска со надградба на ИТ центрите на МБХВ и ЦДХВ

Во насока на преземање на неопходните активности за спроведување на Договорот за стратегиска соработка во ИТ областа помеѓу ЦДХВ и МБХВ од 27.03.2018г., во првиот и вториот квартал од 2023г се спроведе постапката за набавка и инсталација на нова опрема која технички ги задоволува потребите за функционално работење на двете институции. Предмет на набавката беа три серверски машини, еден дисков систем за складирање на податоци (Storage), два мрежни уреди (Network switch), софтверски програм OEM Windows Data Center 2022, стандардна поддршка и сервис за 5 години на оваа опрема, како и инсталација и миграција на старата опрема на новата. По успешно прибирање на понудите и нивна евалуација како најсоодветна се избра опремата од брендот HP. По завршувањето на физичката инсталација и конфигурирација на серверите, се спроведоа активности за поврзување на дисковиот систем и мрежните уреди, како и миграција на податоците на новата опрема. Исто така, беше извршена и преконфигурација на мрежната опрема за да се задоволат потребите и барањата на новата опрема. Оваа набавка им овозможи на двете институции да ги задоволат потребите за ефикасно и безбедно работење и да функционираат со подобрени перформанси.

Во четвртиот квартал од 2023г беше спроведена постапка за обновување на услугата Veeam Data Platform Essentials Enterprise Perpetual Maintenance Renewal и Renewal Prepaid Maintenance за 3 години за потребите на бекапирање на системите на двете институции.

Одржување на хардверска и мрежна опрема и комуникациски линии

Во текот на годината спроведени се редовните годишни одржувања и тестирања на исправноста и функционалноста на сите хардверски уреди примарно дедицирани за одржување на систем салата на Депозитарот како и операторските простории согласно договорите склучени со добавувачите.

Вршени се редовни квартални тестирања на редундантноста на линиите за примарно и бекап поврзување на ЦДХВ со Платните системи во НБРСМ.

6. Правни и нормативни активности

Учество во работни групи за изготвување на легислатива

Нов Предлог на Закон за трговски друштва

Во текот на цела 2023г Депозитарот зема активно учество во изработката на предлог на нов Закон за трговски друштва преку претставници номинирани во работна група. Од страна на Депозитарот во сите фази на постапката на изготвување на овој предлог закон вклучително и во фазата на објава и по објавата на Електронскиот национален регистар на прописи на РСМ (ЕНЕР), беа дадени забелешки на предлог текст на новиот закон, за кој предвидено е да биде донесен во 2024г.

Нови закони за финансиски инструменти и проспекти и обврски за транспарентност на издавачите на хартии од вредност

Во март 2023г Министерството за финансии на РСМ на ЕНЕР ги објави Нацрт – Законот за финансиски инструменти и Нацрт-Законот за проспекти и обврски за трансапрентност на издавачите на хартии од вредност во кои ќе бидат имплементирани најновите европски директиви и регулативи од областа на пазарот на капитал, а со кои закони ќе биде заменет актуелниот Законот за хартии од вредност. Депозитарот од своја страна работеше на коментарите на предлог законите во форма на забелешки и сугестии со посебен нагласок на одредбите за воведувањето на нови концепти или промени кои се рефлектирани во одредбите за почетен капитал, органи на овластен депозитар, како и напуштањето на досегашниот начин на ограничување на тоа кој може да биде акционер во овластен депозитар и сл. Своите забелешки, сугестии и коментари по однос на овие два нацрт-закони, Депозитарот ги достави преку ЕНЕР платформата на ден 02.04.2023г.

Предлог Закон за решавање на банки

Во текот на вториот квартал од 2023г, од страна на МФ беше побарано Депозитарот да се произнесе по текстот на Предлог Законот за решавање на банки. За таа цел, Депозитарот даде свои коментари кои се однесуваат пред сé на потребата од прецизирање на статусот кој би го имала банката, по донесување на одлуката на НБРСМ за решавање на банката, од аспект на уписите кои се вршат во Депозитарот (што се случува со субјективитетот на банката, дали банката ќе продолжи да биде издавач на хартии од вредност, или новиот стекнувач ќе го има тоа својство како правен наследник на банката која се решава, дали истиот ќе продолжи да биде членка на депозитарот доколку банката била членка и сл.). Укажано беше на потребата од усогласување со одредби од ЗТД и ЗХВ, особено во поглед на утврдување на номиналната вредност на акциите на банката која се решава, времето односно моментот на упис во регистарот и конститутивноста на дејството на уписот во регистрите, поединости околку усогласување на дефинициите со новите предлог закони со кои се регулираат финансиските инструменти и проспекти и обврски за транспарентност на издавачите на хартии од вредност и сл.

Учество во подготовка на подзаконски акт согласно Законот за данок на личен доход

Со член 15 од Законот за изменување и дополнување на Законот за личен доход („Службен весник на РСМ бр.274/2022) додаден е член 85-а со кој во став (1) предвидена е обврска за Депозитарот, на органот за јавни приходи да му достави годишен извештај со податоци за стекнување и продажба на хартии од вредност од страна на физички лица, најдоцна до 15 јануари во тековната година за претходната година. Формата, содржината и начинот на поднесување на извештајот ги пропишува министерот за финансии, а со преодната одредба од член 25 од законот, предвидено е подзаконските акти да се донесат во рок од три месеци од денот на влегување во сила на овој закон, односно до 20 март 2023 година. Во предвидениот период беа одржани неколку состаноци на кои претставници на институциите дискутираа за тоа какви податоци се потребни на Управата и на кои Депозитарот укажа дека од особена важност е донесувањето на Правилникот, како појдовна основа за структурирање на извештајот.

На иницијатива на Депозитарот, во февруари 2023г се одржа работна средба со претставници од Управата за јавни приходи, на кој се дискутираа отворените прашања од формален, практичен и технички карактер, со цел изнаоѓање на интегрално, конструктивно решение при изготвување на Правилникот. Имено, имајќи го предвид задолжениото за Депозитарот да достави годишен извештај со податоци за стекнување и продажба на хартии од вредност од страна на физички лица, сензитивноста, опсегот и комплексноста на податоците, Депозитарот укажа на потребата јасно да се дефинира пред сé формата и содржината на предметниот извештај, да се разјаснат одредени прашања од практична и техничка природа, како појдовни насоки за Депозитарот, при структурирање на извештајот.

Правилникот за формата, содржината и начинот на поднесување на Годишниот извештај за стекнување и продажба на хартии од вредност од страна на физички лица и Годишниот извештај за остварениот доход од удели во инвестициски фонд во „Службен весник на Република Северна Македонија“ 285/2023 беше објавен многу подоцна, односно на 29 декември 2023г.

Акт произлезен од измените и дополнувањата на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа

Во вториот квартал од 2023г, Депозитарот преку консултативни активности учествуваше во изработката на подзаконските акти на Министерството за финансии, со кои се доуредуваат измените на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, во делот на издавање на структурна обврзница како еден од инструментите на финансирање. Во извештајниот период стручните служби на Депозитарот учествуваа во изготвување на регулатива за начинот на користење на обврзниците во координација на Министерството за финансии на РСМ, по што, во последниот квартал од 2023г, Депозитарот склучи трилатерален Меморандум за соработка со Министерството за финансии и Управата за јавни приходи за начинот на користење на структурните обврзници за регулирање на доспеани, а неплатени обврски на општините Тетово, Виница и Желино.

Интерни акти на Депозитарот

Акти донесени како резултат на контролата на КХВ во однос на усогласеноста на работата на Депозитарот со Принципите за пазарни инфраструктури

КХВ во последниот квартал од 2022г започна со спроведување надзор на Депозитарот преку доставување на Прашалник за усогланоста на работата на Депозитарот со IOSCO принципите за пазарни инфраструктури. Во текот на вториот квартал од 2023г, а во врска со доставениот одговор на прашалникот, КХВ побара да се достават дообјаснувања на одредени одговори како и соодветни документи, а Депозитарот достави одговор во зададениот рок. Врз основа на анализа на одговорите на Прашалникот, КХВ на седницата одржана на ден 18.05.2023г заклучи да го задолжи Депозитарот да преземе одредени мерки и активности во рок од 60, односно во рок од 120 дена од задолженијата на КХВ, со цел целосно усогласување на работењето со Принципите.

За целите на постапување по задолженијата, Депозитарот изработи Акциски план, а во текот на третиот квартал Депозитарот ги исполни своите обврски од задолженијата согласно предвидените рокови, при што донесе вкупно 15 акти и изготви два Извештаи.

Одборот на директори, согласно своите надлежности ги донесе следните акти:

- Процедура за улогата и одговорностите на членовите на Одборот на директори на ЦДХВ
- Процедура за управување со ризици на ЦДХВ
- Процедура за формирање на комисии и работни тела на ЦДХВ
- План за закрепнување со план за прибирање на дополнителен капитал на ЦДХВ
- Правила при неможност на членките да ги исполнуваат обврските за плаќање на ЦДХВ
- Политика за управување со човечки ресурси на ЦДХВ
- Политика за управување со промени на ЦДХВ
- Политика за управување со проекти на ЦДХВ

Извршниот директор согласно своите надлежности уредени со Статутот на Депозитарот ги донесе следните акти:

- Процедура за проценка на ефикасноста на актите за управување со ризик на ЦДХВ
- Правила и процедури за тестирање на висината на ликвидни средства на ЦДХВ
- Процедура за внес и бришење на хартии од вредност во ЦДХВ
- Правила и Процедури за сегрегација на средствата на Учесниците и ЦДХВ
- План за редовна проценка на општиот ризик од работењето на ЦДХВ
- Процедура за управување со капацитети на ЦДХВ
- Процедура за управување со ризикот од добавувачи

Сите донесени акти беа доставени до КХВ заклучно со 20.09.2023г. Покрај наведените акти, Депозитарот постапувајќи по задолженијата, до КХВ достави и Извештај од тестирање на изложеност на оперативен ризик на ЦДХВ и Извештај за спроведена анализа на поставените цели на ЦДХВ и нивно остварување.

КХВ на седницата одржана на 07.11.2023 г. ги разгледа сите доставени акти и преземени активности, констатираше дека Депозитарот целосно постапил по доставеното Укажување од страна на КХВ и го извести Депозитарот дека надзорот е завршен.

Во четвртиот квартал од 2023г. се продолжија отпочнатите активности на Депозитарот во поглед на контролата на членките за исполнување на континуираните услови за членство - активност која беше започната во рамките на барањата на Комисијата (едно од задолженијата беше да се започне ревизија на континуираните услови за членство). Врз основа на доставениот Прашалник за исполнетоста на условите за членство на сите видови на членки, покрај претходно доставените одговори на Прашалникот, во овој квартал членките доставуваа и документација побарана од страна на Депозитарот со која се докажува исполнетоста на условите согласно одредбите од Правилата за членство. Врз основа на одговорите од Прашалникот за исполнетоста на условите за членство и доставената документација Депозитарот изготви преглед за сите членки, кој е во фаза на финална обработка, истиот ќе се формализира во првиот квартал од 2024г, за што соодветно ќе биде известена и КХВ.

Програма за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје

Одборот на директори на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје, во декември 2023г усвои нова Програма за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје, со која се определуваат мерките и дејствијата за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам од страна на Депозитарот, како субјект кој согласно Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам има обврска да ги презема. Со Програмата се врши усогласување со новиот Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам („Службен весник на РСМ“ бр.151/2022), се вршат промени од аспект на номотехничко и терминолошко подобрување на текстот, а по претходно извршени консултации со Управата за финансиско разузнавање во насока на концизно структурирање на содржината на текстот, од Програмата се бришат и одредби за кои се оцени дека не се во функција на примена на мерки и активности за спречување перење пари и финансирање на терорирам, туку се од декларативна природа, како и одредби кои ги засегаат само субјектите кои се должни да формираат посебен оддел за СППФТ. Со оваа Програма се врши промена и во периодот на доставување на Извештајот за резидуалното ниво на ризик од ППФТ на кој е изложен Депозитарот, Извршниот директор да го доставува до Одборот на директори по одобрување на Годишниот извештај за работењето на Депозитарот, а врз основа на податоците содржани во овој Извештај.

Измени на Упатството за спроведување на уписи на промени на сметки на хартии од вредност во ЦДХВ број 01-4884/2 од 17.09.2014г

Постапувајќи по препорака на внатрешната ревизија од 2022г, Депозитарот во 2023г донесе Одлука за изменување и дополнување на Упатството за спроведување на уписи на промени на сметки на хартии од вредност во ЦДХВ број 01-4884/2 од 17.09.2014г, со кое се изврши усогласување на потребната документација за

постапување од страна на Депозитарот содржана во ова Упатство, останатите интерни акти на Депозитарот и податоците објавени на веб страната на Депозитарот, како и поедноставување на постапката за ажурирање на податоци на имателите на сметки на хартии од вредност.

Управување со ризици

Со цел усогласување со Принципите на IOSCO, Депозитарот во текот на последниот квартал од 2023г. постапуваше по одредбите на Процедурата за управување со ризици која стапи на сила на 04.11.2023г. Под управување со ризици во Депозитарот се подразбираат активностите кои институцијата ги презема за да ги намали ефектите и настанувањето на значајни ризици во своето работење. Успешното управување со ризиците е предуслов за успешната деловна активност и способност на Депозитарот за извршување на неговите функции. За таа цел, во текот на последниот квартал од страна на надлежните дирекции беше извршена идентификација и внесување во мапа на ризици со утврдување на извор на ризикот, последици, веројатност, каде и кога може да се појави ризикот, утврдени се превентивните и корективните мерки, утврден е сопственикот на ризикот и извршена е оцена на ризикот. Согласно одредбите на Процедурата за управување со ризици и останатите акти, Мапата на ризици ќе подлежи на континуирано ажурирање, а во случај на значајни сигурносни или други настани, веднаш се информира Извршниот директор и се иницираат мерки за ублажување на таквите ризици или загуби.

Инструкција за начинот на постапување по налозите од Министерството за финансии во постапката за издавање на податоци, стопирање на идни трансакции и евидентирање на пренос на структурните обврзници

Заради операционализација на процедурата содржана во Меморандумот за соработка кој Депозитарот го склучи со Министерството за финансии и Управата за јавни приходи за начинот на користење на структурните обврзници за регулирање на доспеани а неплатени обврски на општините Тетово, Виница и Желино, извршниот директор на Депозитарот во декември 2023г донесе Инструкција за начинот на постапување по налозите од Министерството за финансии во постапката за издавање на податоци, стопирање на идни трансакции и евидентирање на пренос на структурните обврзници. Со оваа Инструкција се пропишуваат активностите кои се преземаат од страна на надлежните Дирекции во Депозитарот, во постапката за издавање на податоци, стопирање на идни трансакции и евидентирање на пренос на структурните обврзници. Со инструкцијата се пропишува и начинот на комуникација помеѓу овластените вработени во Дирекцијата за деловни операции и Дирекцијата за општи и правни работи при спроведувањето на инстукцијата, како и Обрзасците со кои овластените вработени постапуваат по налозите доставени од страна на Министерството за финансии.

Известувања до Комисијата за хартии од вредност на РСМ

Во текот на 2023г, Депозитарот редовно и навремено ги доставуваше до КХВ со закон и со правилници пропишаните известувања:

- Известувања за стекнати повеќе од 5% на хартии од вредност издадени од акционерско друштво со посебни обврски за известување и котирани акционерски друштва
- Известувања за новоиздадени хартии од вредност
- Месечени извештаи за работењето на ЦДХВ АД Скопје

- Известувања во однос на уписи, бришења и ажурирања на Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување.

Во текот на 2023г, како обврска произлезена од Правилникот на КХВ за задолжителната содржина, форма и рокови за доставување на извештаите за работењето на овластените учесници, берзи и депозитари („Службен Весник на РСМ“ бр. 273/2020) Депозитарот до Информатичкиот Систем за Супервизија и Известување на КХВ, достави над 100 известувања.

Активности во врска со одржани акционерски собранија и промени во составот на Одборот на директори

На 29.05.2023г, беше одржано редовно акционерско собрание на акционерите на ЦДХВ АД Скопје. Собранието во рамките на своите надлежности, во согласност со Законот за хартии од вредност, Законот за трговски друштва и Статутот на ЦДХВ, одлучуваше и ги одобри/усвои следните материјали:

1. Извештај за работата на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2022 година
2. Извештај за работата на Одборот на директори на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2022 година, колективно и од аспект на поединечни членови,
3. Годишна сметка на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2022 година.
4. Финансиски извештаи на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2022 година, ревидирани од овластено ревизорско друштво со Извештај од овластен ревизор за ревизијата на финансиските извештаи за 2022 година и Извештај од неизвршните членови на Одборот на директори за резултати од извршената контрола.
5. Предлог Одлука за распоредување на нето добивката оставарена по годишната сметка за 2022 година.
6. Предлог Одлука за исплата на дивиденда.
7. Предлог Одлука за назначување овластен ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2023 година.
8. Програма за работа на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2023 година.
9. Годишен извештај за работењето на одделението за внатрешна ревизија на ЦДХВ АД Скопје за 2022 година
10. Предлог Одлука за избор на членови на Комисијата за арбитража.

Сите предложени одлуки беа едногласно донесени на Годишното собрание, а по одржувањето на собранието, од страна на стручните служби во Депозитарот, беа спроведени сите активности за задолжително известување согласно актуелните законски прописи.

Поради поднесената оставка на г-ѓа Дамеска од функцијата неизвршен член на Одборот на директори, Одборот на директори на Депозитарот, на седницата

одржана на 26.06.2023г донесе Одлука за избор на г-ѓа Нина Неданоска за вршител на должноста-неизвршен член, со мандат до следното Собрание. Истовремено, поради престанок на функцијата на г-ѓа Дамеска неопходно беше да се пристапи и кон избор на нов Претседател на Одборот на директори поради што присутните членови едногласно го избраа г. Штериев за претседател на Одборот.

Наведените промени, во рамки на законски предвидениот рок, беа спроведени во Централниот регистар на РСМ, и беа спроведени сите активности за задолжително известување и објави согласно актуелните законски прописи.

Внатрешна ревизија

Согласно Годишниот план за внатрешна ревизија, од страна на лицето задолжено за внатрешна ревизија, изготвени се четири внатрешни ревизорски Извештаи за:

- Ревизија на имплементација на мерките за безбедност и здравје при работа кои Депозитарот е должен да ги спроведе согласно Законот за безбедност и здравје при работа со пресечен датум 31 јануари 2023г,
- Ревизија на воспоставени контроли при управување со кредитниот ризик кај побарувањата од купувачи,
- Ревизија на акивности при водење на судски постапки каде Депозитарот е страна во спрот со пресечен датум 31.01.2023г, и
- Ревизија на процесот на доставување на акционерски книги до акционерските друштва еднаш годишно.

Изготвени се Полугодишен и Годишен извештај за извршените внатрешни ревизии.

7. Меѓународна соработка

АННА

• На 16.01.2023г се одржа Вонредно собрание на АННА со цел усвојување на новата правна форма на АННА. Собранието се одржа без физичко присуство, по пат на доставени полномошна од членките на АННА до нотарската канцеларија во Брисел.

• На 15-ти и 16-ти 06. 2023г, во Лондон, Обединето Кралство се одржа редовното Генерално собрание на АННА на кое присусутвуваа претставници на Депозитарот. На собранието му претходеше традиционалната средба Meet the Market на кое се опфатија теми за одржливоста на пазарите, за дигиталните средства и за еволуција на стандардите. На самото собрание беа усвоени неколку резолуции за мисијата, визијата и стратегијата, годишниот финансиски извештај на АННА, избор на член на Одбор на директори, беа проследени извештаите од работните групи и статусот на ИСО стандардите.

• На 30.11-01.12.2023г во Сеул, Кореја се одржа Вонредното Генерално собрание на АННА. На собранието присуствуваа претставници од 34 членки, додека останати 48 членки беа застапени преку полномошна за собрание, со што беше исполнет кворумот од вкупно 82% застапеност на собранието. Депозитарот му додели полномошно за собранието на Sredisnje Klirinsko Depozitarno drustvo DD, Hrvatska. На собранието беа усвоени следните резолуции: усвоен е финансискиот План на АННА за 2024 година, при што е утврдено дека членарините остануваат во досегашниот износ од 4.000 ЕУР, Ghana Stock Exchange е примена како полноправна членка на АННА и усвоена е најновата верзија на Насоките за ИСИН кодови. Покрај ова беа одржани и презентации за работата на повеќе работни групи во состав на АННА.

Во текот на 2023г до АННА беа испратени одговори на прашалници кои се однесуваат на надоместоците за доделувањето на кодовите за финансиските инструменти, а секојдневно до ASB беа испраќани податоци за хартиите од вредност регистрирани во Депозитарот. Започнувајќи од 2023г, во примена е новата структура на податоци која секојдневно се доставува до ASB (ANNA Sevice Bureau).
Редовно, на квартална основа, беа доставувани и предвидените мастер фајлови.

Еден од клучните исходи на Ревизијата на стандардот ИСО 6166 за ИСИН кодови е задолжителното вклучување на податокот за ЛЕИ како дел од записот за ИСИН кодовите кој редовно секојдневно се доставува до АННА. Согласно Европската регулатива за финансиските пазари, податокот за ЛЕИ код е задолжителен за издавачите на финансиски инструменти кои котираат на регулирани пазари и за членките на депозитарите. Врз основа на ова, од членките на АННА беше побарано да се изврши мапирање на ИСИН кодовите со светската база на ЛЕИ кодови – ГЛЕИФ, за ИСИН и ЛЕИ кодовите кои се во јурисдикција на Членките. При идентификацијата и мапирањето, од вкупно 88 ентитети (правни лица и фондови) основани во Република Северна Македонија кои имаат ЛЕИ код, 33 од нив се јавуваат како издавачи регистрирани во Депозитарот, со вкупно 273 активни емисии на хартии од вредност. Податоците за ЛЕИ кодовите, како дел од записот за ИСИН кодот, беа доставени до АННА во рамки на предвидениот рок

ЕЦСДА

- На 16.03.2023г се одржа онлајн состанок на Одборот на директори на ЕЦСДА. Извршниот директор на Депозитарот го следеше состанокот, а на истиот беа разгледани финансиските извештаи, предлозите за нови износи на членарините за 2024г, претстојните измени на Статутот на ЕЦСДА, новата организациска и управувачка структура и активностите на работните групи.

- На 26 мај 2023г во Прага, Република Чешка се одржа редовното Генерално собрание на ЕЦСДА. Собранието се одвиваше со физичко присуство, а извршниот директор на Депозитарот учествуваше во работата на собранието преку користење на електронска платформа. На собранието беше одобрена Годишната сметка за 2022г, беа одобрени мандатите на членовите на Одоборот на директори за наредни три години, беше разгледан предлог буџетот за 2023г и беше презентирана работата на работните групи на ЕЦСДА за изминатиот период.

- На 24.11.2023г се одржа Генерално Собрание на ЕЦСДА и состанокот на Одборот на директори на ЕЦСДА. Собранието и состанокот се одржаа хибридно, со физичко присуство во Брисел, Белгија и по далечински пат, а на собранието и состанокот присуствуваше и извршниот директор на Депозитарот по далечински пат. На Собранието се разгледаа и усвоија следните точки: измена и дополнување на Статутот на ЕЦСДА заради усогласување со Белгискиот закон за компании и асоцијации, Verðbréfamiðstöð Íslands (VBM) беше примена како полноправна членка, беа прифатени оставките на два директори и беше одобрен ревидираниот Буџет за 2024 година со што, меѓудругото, се зголеми годишниот надомест за членство во оваа организација по нова методологија, со што членарината за Депозитарот од досегашните 8.000 ЕУР на годишно ниво се зголемува на 11.000 ЕУР.

- Како и изминатите години, ЕЦСДА прибира статистички податоци на годишно ниво за европските депозитари со истовремено дистрибуирање на податоците за светската книга на факти за депозитарите. Депозитарот достави статистички податоци за 2022г за управувањето, членството, приходите, финансиските инструменти и сметките на хартии од вредност, корпоративните дејства и останатите услуги.

- Во текот на целиот извештаен период, од страна на ЕЦСДА континуирано беа испраќани информации во врска со работата на работните групи за усогласеност, за порамнување, за корпоративни дејства, за политики, за технологии со што беше овозможено тековно следење на активностите на останатите депозитари – членки на ЕЦСДА.

Останато

- И во 2023 година, Депозитарот беше дел од проектот на Асоцијацијата на глобални старатели – AGC за прибирање на информации од депозитарите. Прашалникот беше испратен преку платформата WFC Single Disclosure Report 2023-2024. Депозитарот продолжи со активностите на пополнување на прашалникот WFC disclosure tool, кој претставува своевидна самооценка на усогласеноста на депозитарот со Принципите на инфраструктури на финансиските пазари (PFMI). Прашалникот содржи прашања во врска со усогласеноста со 23 принципи на PFMI, а во согласност со глобалните стремежи за поголема ИТ сигурност, опфатена е и темата за сајбер безбедност.

- И во 2023 година продолжи комуникацијата со Thomas Murrey, преку одговорање на прашалници за активностите на Депозитарот и преку запознавање со новите акти кои оваа година беа донесени од страна на Одборот на директори и Извршниот директор, а кои беа изработени во согласност со Принципите на ИОСЦО за пазарни инфраструктури.

- На 11 и 12.05. 2023г. во Софија, Република Бугарија се одржа 17-от самит на Clearstream за земјите од Југоисточна Европа. На самитот присуствуваше претставник на Депозитарот, а беа одржани презентации за последиците од климатските промени, за идинината на дигитализацијата, за еволуција на старателските услуги и за Решенијата кои ги нуди Clearstream на своите сегашни и потенцијални клиенти.

8. Едукативни и промотивни активности во текот на 2023 година

- Претставници од засегнатите дирекции на Депозитарот учествуваа на дводневна обука за „Управување со ризици“, одржана во јуни 2023г од страна на експерти за предметната област. На обуката беа претставени методите за утврдување на ризиците, идентификување на различните видови на ризици, начините за нивно намалување, ублажување на ефектите, креирање на мапата на ризици, стратегијата, политиката и останатите акти кои засегнатата институција ги изготвува и усоојува, процедурите кои ги спроведува, лицата задолжени за управување со ризик, известување и сл.

- Проблемите поврзани со обезбедувањето на континуитет во работењето претставуваат составен дел на добрата практика на раководењето и корпоративното управување на една компанија. Со цел да избегнат и спречат ИТ катастрофи кои можат да доведат до прекин во работењето на примарниот дата центар за податоци како и губењето на податоците и важни информации, важно е на правилен начин да се спроведе деловна анализа на влијанието, да се креираат планови за справување со катастрофи (Disaster Recovery Plan-DRP) и планови за континуитет во бизниснисот (Business Continuity-BCP). За таа цел во 2023г. вработени од ИТ дирекцијата посетуваа онлине обука на тема “ИТ катастрофи и одржување на континуитетот во работењето - Управување со кризни ситуации - дефинирање, изработка на план за континуитет во бизнисот, тестирање и опоравување”.

- На 13.09.2023г се одржа „Инвеститорскиот ден“ каде определени транскации се тргуваа по повластени услови, односно на тој ден на тргување на Берзата сите домашни физички лица можеа да тргуваат со акции на сите пазарни сегменти без трансакциски трошоци што ги наплатуваат овластените пазарни институции и учесници. Поконкретно, на „Инвеститорскиот ден“ сите домашни физички лица можеа да купат или продадат кои било акции без да ги платат провизиите кон Берзата, ЦДХВ и овластените пазарни учесници (банки и брокерски куќи) што беа вклучени во иницијативата. Вкупниот промет од тргување во БЕСТ системот со акции надмина 595 илјади евра, односно изнесуваше околу 37 милиони денари, што е за 2,3 пати повеќе во споредба со просечниот дневен промет во БЕСТ до тој момент во 2023 година. Дополнително, во БЕСТ системот членките на Берзата внесоа вкупно 336 налози за тргување, што исто така претставува најголем број на внесени налози во берзанскиот систем за тргување во 2023г, до одржување на инвеститорскиот ден.

- На 27-ми септември во Охрид во организација на Македонската берза АД Скопје се одржа 22-та Годишна конференција на Берзата. Оваа година на овој настан присуствуваа преку 200 претставници од финансискиот сектор и индустријата на хартии од вредност, котираните компании и другите друштва, државните институции и универзитетите и сите останатите субјекти чија дејност е поврзана со работењето или инвестирањето во хартии од вредност. Депозитарот со свои претставници присуствуваше на Конференцијата, а на истата беа опфатени теми за актуелните геополитички случувања, досегашните економски и финансиски текови во 2023г на идните перспективи, дигитализацијата, вештачката интелигенција и финансиските услуги, успешните проекти на членките на FEAS, следење на усогласеноста на котираните друштва со Кодексот за корпоративно управување, развојот на Македонската берза, проектот Adria Digital Exchange, Дигитална трансформација на работењето со далечинско потишување и Обезбедени обврзници.

- На почетокот на ноември 2023г во Охрид, во организација на Здружението на правници на РСМ, се одржа 86-та средба на правниците, на која присуствуваа и претставници од Депозитарот. На оваа средба, беа презентирани предложените новини во уредувањето на индустријата за хартии од вредност (финансиски инструменти, проспект, транспарентност) за што од страна на преставници на КХВ накратко беа презентирани новините во Предлог законот за финансиски инструменти, Предлог законот за проспекти и обврски за транспарентност на издавачите на хартии од вредност. Понатаму, презентирани беа новините во уредувањето на трговските друштва (транспонирање на ЕУ компаниското право во македонското право на трговските друштва) како и .Предлог законот за трговските друштва, измените на Законот за облигационите односи од јули 2023г и предизвиците од нивната имплементација особено од аспект на регулирање на роковите за застареност за физички лица и за трговските договори, измените на Кривичниот законик од септември 2023г, легалитетот наспрема легитимитетот на судскиот совет во македонскиот правосуден систем и на ветингот како правен механизам, како и правни прашања поврзани со работните односи и дилеми што во практиката се појавуваат во врска со примената на законските и подзаконските акти поврзани со трудовото право и др.

- Овластеното лице од Депозитарот и неговиот заменик надлежни согласно Програмата на Депозитарот за спроведување на одредбите од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, соодветните подзаконски акти и актите на Депозитарот учествуваа на работилница која се одржа на 22-ри ноември 2023г, на која од страна на претставници од регулаторните финансиски тела, Комисијата за хартии од вредност на РСМ, Народната банка на РСМ и Агенцијата за супервизија во осигурувањето, беа презентирани заклучоците од Извештајот на MONEYVAL за Македонија за 2023г во делот на финансиските регулатори и субјекти. Искуствата од овој настан, понатаму им беа пренесени и на вработените во Депозитарот кои вршат задачи на спречување перење пари и финансирање на терориозам, при што истите беа запознаени со заклучоците од Извештајот на MONEYVAL за Македонија за 2023г особено во делот на слабостите на финансиските регулатори и финансиските институции (субјектите), приоритените активности кои ќе следат, препораките по области, како и предвидениот акциски план за надминување на слабостите дефинирани во Извештајот на MONEYVAL за Македонија за 2023г, а им беше споделен и документ кој содржи резиме од темите на кои се осврнаа обучувачите на предметната работилница.

- Овластеното лице од Депозитарот, и неговиот заменик надлежни согласно Програмата на Депозитарот за спроведување на одредбите од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, соодветните подзаконски акти и актите на Депозитарот учествуваа на дводневна работилница која се одржа на 29-ти ноември и 1-ви декември 2023г, на која од страна на Управата за финансиско разузнавање а со учество на претставници од повеќе надзорни органи и субјекти на Законот за СППФТ (КХВ, НБРСМ, УЈП, ЦРРСМ, МВР, Министарство за правда, Царинска управа, Финансиска полиција, Пазарен инспекторат и експерти на Советот на Европа за борба против економски криминал). По одржаната работилница, вработените во Депозитарот кои вршат задачи на спречување перење пари и финансирање на терориозам при воспоставување деловен однос со клиенти заради отворање на сметки, ажурирање на податоци, како и вршење на нетрговски преноси со хартии од вредност беа запознаени со „Проектот против економски криминал“ на Советот на Европа, за кој во текот на март 2022г започна процес на изготвување на проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам за правните лица коишто се основаат во нашата држава и оние коишто се основани во странство меѓутоа имаат некакви врски со Република Северна Македонија.

- Претставници од Депозитарот учествуваа и на еднодневна обука – стручно советување на тема „Специфики на управните постапки во областа на пазарот на капитал од аспект на управното судство и значењето на граѓанското судство за корпоративна и акционерска правда“ во организација на Комисијата за хартии од вредност на РСМ и Академијата за судиии јавни обвинители " Павел Шатев”, кое се одржа на 1-ви декември 2023г. На ова советување, од страна на излагачите, судии во Вишиот управен суд, Управниот суд, Апелациониот суд Скопје и од Комисијата за хартии од вредност на РСМ беа презентирани правни прашања во врска правилната примена на законите за пазарот на капитал при водењето на постапките од страна на граѓанските судови и управното судство и од регулаторните органи, а за одредени отворени прашања на темата на ова советување активно учествуваа и присутните – преставници од судовите, адвокати, Депозитар и останати засегнати страни.

- Вработен во Депозитарот на 05.12.2023г, ја следеше Обуката за ИСО Стандардот 31.000: 2008 - Управување со ризици и се стекна со сертификат за Имплементатор

- На 22 декември 2023г Депозитарот го посетија ученици од завршна година и нивни професори од Средното училиште “ЦАР САМОИЛ“ од Ресен. Учениците беа запознаени со надлежноста на Депозитарот, организациската поставеност, начинот на кој Депозитарот ги врши своите функции со појаснување на постапката за регистрирање на нови акционерски друштва во системот на Депозитарот, регистрирање на нови емисии на хартии од вредност, доделување на единствен ISIN број и начинот на утврдување и порамнување на склучените трговски трансакции со хартии од вредност, и чекорите кои се преземаат во постапките за спроведување на нетрговски преноси со хартии од вредност, врз основа на склучени договори за дар, наследни решенија и сл.

9. Други активности во текот на 2023 година

- На почетокот на 2023г беше реализирана обврската на Депозитарот за доставување на акционерските книги во електронска форма на Акционерските друштва. Беа испратени 131 акционерски книги (по ИСИН број), до 130 акционерски друштва. Не беа доставени акционерски книги до 71 издавачи кои не ги намириле обврските по основ на годишен надомест за водење на издадените хартии од вредност за претходната година, до 3 издавачи за кои е утврден пасивен статус на издавач, како и до 234 издавачи кои склучиле Договор за пристап на Порталот за инвеститори и издавачи, преку кој имале бесплатен пристап до акционерските книги со состојба на ден 31.12.2022г.

- Во текот на првиот квартал од 2023г беше изработена Анализа на потребните капитални барања на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје со примена на одредбите од европската регулатива за депозитари. Имено, изработката на оваа анализа е дел од рамката за управување со ризици на Депозитарот, уредена со Политиката за управување со ризици. Финансиските податоци содржани во Анализата се преземени од ревидираните финансиски извештаи за годините кои завршуват на 31.12.2020г, 31.12.2021г и 31.12.2022г со рекласификација и збирно преставување на пооделни приходни и расходни ставки согласно одредбите од ЕУ регулативите за капиталните барања. Покрај тоа, изработени се проекции за неповолните сценарија потребни за пресметка на изложеноста кон деловен ризик.

- Како дел од активностите за пристапување на Република Северна Македонија кон Европската Унија, во рамки на билатералниот скрининг - Кластер 2 „Внатрешен пазар“ – Поглавје 9 – Финасиски услуги, што на 27 и 28 февруари 2023г се одржа во Брисел, претставник од Депозитарот изврши презентација на тема - Централни депозитари за хартии од вредност, со осврт на моменталната состојба на релевантното право на ЕУ и меѓународните акти, националната правна рамка, институционалната рамка, оценката на усогласеноста, плановите, проектите и финансиската проценка и понатамошни планови за хармонизација и крајни рокови. Како членови на работната група присуствуваа и презентираа и претставници од Министерството за финансии, Народната банка на РСМ, Фондот за осигурување на депозити, Агенцијата за супервизија на осигурувањето и од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување. Свои обраќања имаа заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања, Бојан Маричиќ и заменик претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи.

- Дополнително, Депозитарот учествуваше и во изработка на Придонесот кон Извештајот на ЕК за Поглавје 9 Финансиски услуги со одговори на прашања од својата надлежност.

- Претставници на Депозитарот активно учествува на состаноците на работната група која беше формирана во врска со досегашниот концепт на уредување на одржувањето, обезбедувањето и противпожарната заштита во Комплексот банки , каде е лоциран и деловниот простор на Депозитарот. Во првата половина на 2023 година,, НБРСМ побара ставови и мислења од сите корисници во врска со начинот на понатамошното организирање на овие услуги.

Депозитарот имајќи ја предвид неделивоста на целиот објект, испрати Допис со кој извести дека смета дека е неопходно да се потенцира дека во однос на идниот начин на организирање на сите активности во овој простор мора да се задржат најмалку досегашните стандарди. Во однос на начинот на нивно обезбедување, истакна дека од економски аспект најоправдано е набавката на овие услуги, доколку НБРМ опстои

на ставот повеќе да не ги обезбедува, да биде спроведена за сите корисници, а преку некоја од државните институции лоцирани во зградата НБЗ (влезот во кој е сместен Депозитарот), логично најголемиот корисник на просторот.
Во последниот квартал од годината, НБРСМ организираше состанок во врска со напуштањето на концептот за заедничка противпожарната и безбедносна заштита, како и техничкото одржување на деловните простории на сите корисници на комплексот Банки. Состанокот, кој го водеше вицегувернер на НБРСМ и на кој присуствуваа претставници од сите корисници на објектот „Комплекс банки“ се одржа на ден 24 ноември, со една точка на дневниот ред: Измените на актуелниот Договор за техничко одржување, обезбедување и противпожарна заштита на објектот „Комплекс банки“ Скопје. По одржаниот состанок, НБРСМ до сите присутни на состанокот достави Нацрт Записник со содржани заклучоци, кој сеуште не е формализиран. Предлог заклучоците главно се однесуваат на следното: 1. Свесност на сите корисници дека треба да се изнајде начин за организирање на физичко обезбедување и ПП заштита на кула 3 на нивото коешто сите корисници сметаат дека се обезбедува со постојното решение, односно 24/7/365 дена согласно стандардите за таа намена; 2. За таа цел е потребно да се изработи Елаборат од страна на надворешно стручно правно лице, којшто ќе содржи предлози за начинот на поделба на точките на ПП заштита и обезбедување; 3. За да се ангажира фирма којашто ќе го изработи Елаборатот во кусо време е потребно некој од приватните корисници на објектот да организира набавка бидејќи не се обврзани за спроведување постапка за јавна набавка. Оттаму, приватните субјекти корисници на просторот (КАСИС, КИБС или ЦДХВ) е потребно да се произнесат дали се подготвени да ја спроведат набавката, а Народната банка е подготвена да ги обезбеди потребните податоци со кои располага за изработката на елаборатот, со кој треба да биде снимена фактичката состојба и да се даде стручен предлог за поделба, детално и целосно да се проектира новата состојба, начинот на вршење на трансформација и пренос, како и да содржи решенија согласно потребите за меѓусебна комуникација и делување; 4. Дополнително да се преиспита начинот на распределба на трошоците за струја, вода и сл. во комплексот (овој заклучок не е ургентен); 5. Да се разгледа можноста НБРСМ да овозможи пристап на вработени од фирмата за обезбедување во заедничкиот мониторинг центар, како преодно решение за надминување на проблемот; 6. Активностите за спроведување на заклучоците да бидат спроведени од страна на Координационото тело.

- На почетокот на 2023г е извршен Попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со состојба на ден 31.12.2022г. Притоа утврдено е дека нема отстапувања помеѓу сметководствената и фактичката состојба на ден 31.12.2022г.

- На 14.07.2023г Берзата стекна 151 акција издадена од Депозитарот, односно заедно со претходните акции, стекна 24,67 % од вкупно издадените акции на Депозитарот со право на глас. Потоа, на 04.08.2023г стекна повторно уште 240 акции издадени од Депозитарот, односно 28,67% од вкупно издадените акции на Депозитарот со право на глас.
- На 26.07.2023г Депозитарот и Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) склучија Договор за користење на податоци во електронска форма, а согласно одредбите на член 25 став (4) точка 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Со договорот се регулираат начинот и условите под кои ДКСК ќе ги користи податоци во електронска форма од регистрите и базите на податоци што се водат кај Депозитарот и тоа со користење на веб сервиси поставени од Депозитарот, преку воспоставена затворена безбедна комуникациска врска.

- Од аспект на архивското работење, во рамките на последниот квартал од 2023г отпочнати се активности, кои ќе продолжат во 2024г, за уништување на документарниот материјал чиј рок за чување е изминат. Уништувањето на материјалот е во согласност со прописите кои го уредуваат архивското работење, но и прописите од областа на заштита на личните податоци.

- Во ноември 2023г на барање на Министерството за финансии на РСМ одржан е работен состанок со претставници од Светска Банка во врска со поставеноста и функциите на Депозитарот и вклученоста во запишувањето на примарните емисии на државни хартии од вредност

- Во втората половина на третиот квартал и во четвртиот квартал, Депозитарот постапуваше по значително зголемен број на барања поднесени од физички и правни лица за издавање на потврди за поседување на хартии од вредност, како составен дел од документацијата кои овие лица ја поднесуваат за користење на средства согласно ИПАРД програмите.

- Во четвртиот квартал е извршена Анализа на надоместоците за упис и водење на регистри на должнички хартии од вредност на регионалните депозитари

- Во текот на месец декември 2023г склучен е Договор со Мур Стивенс ДОО Скопје за надворешна ревизија на финансиски извештаи, за годината која завршува на 31 декември 2023г.

- Во текот на 2023г Депозитарот постапуваше по барања за информации доставувани од Управата за јавни приходи, Агенцијата за финансиско разузнавање, Министерството за внатрешни работи, судови, Основното Јавно обвинителство, и други овластени лица и институции. Доставувани се одговори на барања и на поединци и акционерски друштва.

- 2023 година Депозитарот ја заврши со приближно 5000 предмети заведени во електронската архива на Депозитарот, што е на нивото на бројот на предмети и во изминатите години (4966 во 2023г, 4932 во 2022г и 5337 во 2021г). Само незначителен дел, околу 7 % од вкупниот број на деловоднички заведени предмети, се дописи и известувања доставени до Депозитарот, за кои Депозитарот не доставува повратен одговор. Останатите 93%, во најголем дел се барања за постапувања доставени од физички и правни лица, издавачи на хартии од вредност, членки, останати субјекти, државни органи и институции и по сите е постапено од страна на стручните служби на Депозитарот (доставени се одговори, известувања, податоци и сл, постапено е по барања за спроведување преноси и сл), како и материјали изготвени од страна на Депозитарот (дописи, известувања доставени до правни и физички лица, институции и сл, како и интерни акти, договори и сл).

10. Примања на неизвршните членови на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје

Одборот на Директори на ЦДХВ АД Скопје, на 31.12.2023 година, го сочинуваат следните неизвршни членови наведени во овој табеларен преглед:

Име и презиме	Работодавец / Дејност	Членство во органи на управување на други трговски друштва
1 Иван Штериев	Македонска берза АД Скопје Дејност:Други финансиско-услужни дејности	ЦДХВ АД Скопје, Претседател на Одбор на директори
2 Нина Неданоска	Шпаркасе банка Македонија АД Скопје Дејност:Финансиско посредништво и банки	ЦДХВ АД Скопје, неизвршен член на Одбор на директори
3 Соња Бојаџиевска Угриновска	Комерцијална Банка АД Скопје Дејност:Финансиско посредништво и банки	ЦДХВ АД Скопје, неизвршен член на Одбор на директори
4 Бобан Гоговски	ТТК Банка АД Скопје Дејност:Финансиско посредништво и банки	АД Тетекс Тетово – извршен член, член на надзорен одбор на ТТК банка АД Скопје и ЦДХВ АД Скопје, неизвршен член на Одбор на директори
5 Проф. др. Ѓорѓи Гоцков	УКИМ - Економски факултет Дејност: Високо образование и научно-истражувачка работа	ЦДХВ АД Скопје-неизвршен, независен член на Одбор на директори
6 Ирена Николовска	Друштво за независно истражување и иновативни решенија ИРИС Консалтинг ДООЕЛ Скопје Дејност: Консултантство	ЦДХВ АД Скопје-неизвршен, независен член на Одбор на директори
7 Проф. Др. Александар Стојков	УКИМ - Правен факултет Дејност: Високо образование и научно-истражувачка работа	ЦДХВ АД Скопје-неизвршен, независен член на Одбор на директори

Годишните примања за 2023 година на наведените членови на Одборот на директори на ЦДХВ се следните редоследно според табеларниот преглед во нето износ: 3) - 2.506.881 денари плата и 70.858 денари надоместоци на плата; 5) - 1.156.400 денари плата и 794.252 денари надоместоци на плата 6) - 237.800 денари плата, надоместоци на плата и 28.226 денари други права и 7) - 889.275 денари плата и 290.940 денари надоместоци на плата

Остварените надоместоци од членување во органи на управување на други трговски друштва, како и надоместоци по основ на плата на годишно ниво и надоместоци од плата како и бонуси, осигурувања и други реализирани права кај работодавецот за г-динот Иван Штериев, г-динот Бобан Гоговски и г-ѓа Нина Недановска се соодветно прикажани во годишните извештаи на Македонската Берза АД Скопје, Тетекс АД Тетово и Шпаркасе банка АД Скопје.

По основ на членство во Одборот на директори на Депозитарот на сите неизвршни членови им се исплатува месечен надомест во нето износ од 15.000 денари.

Во 2023г, поради успешно завршена деловна година, а согласно *Одлуката за исплата на награда на неизвршни членови на Одбор на директори на Собранието на акционери, одржано на 22-05-2019 година*, исплатена е награда во износ од 4 месечни паушали.

Извршниот директор не членува во органи на управување на други друштва и податоците за неговите примања се дадени во глава 11 од овој Извештај.

11. Остварени финансиски резултати во 2023 година

Централниот депозитар за хартии од вредност оствари вкупни приходи во износ од 40,188 милиони денари во деловната 2023 година.

Во однос на 2022 година вкупните приходи остварени во 2023 година, покажуваат намалување за 8,187 милиони денари, или процентен пад од 17% во 2023 година во однос на 2022 година.

Намалувањето на реализацијата на вкупните приходи во 2023 година во однос на 2022 година, главно е резултат на намалена реализација на вкупните реализирани приходи по основ на порамнување, како и по основ на намалени приходи од услуги кон правни и физички лица.

Приходи

Приходи од вложувања

Приходите од камати во 2023 година се реализирани во износ од 1,525 милиони денари и претставуваат 3,79% од вкупните приходи. Во вкупните приходи од камати се остварените приходите од камати на орочени депозити, остварени приходи од камата од вложени средства во краткорочни државни хартии од вредност-државни записи, како и остварените приходите по основ на принос од продажба на удели во парични фондови. Вкупните остварени приходи од камати, покажуваат зголемување за 815 илјади или процентен пораст од 115% во 2023 година во однос на 2022 година.

Во однос на планираната годишна проекција, остварените приходи по овој основ покажуваат зголемување за 725 илјади денари или процентен пораст од 91% во однос на планираната проекција.

На 31.12.2023 година Депозитарот има денарски депозити во вкупен износ од 52,000 милиони денари орочени на 12 (дванаест) месеци во следните Банки: Шпаркасе Банка АД Скопје (18,000 милиони денари), Стопанска Банка АД Скопје (10,000 милиони денари), ТТК Банка АД Скопје (10,000 милиони денари), УНИ Банка АД Скопје (9,000 милиони денари) и Халкбанка АД Скопје (5,000 милиони денари) со каматни стапки кои се движат од 2% до 4%.

На 31.12.2023 година Депозитарот има краткорочни вложувања кои се чуваат до доспевање (до една година), т.е. вложувања во краткорочни државни хартии од вредност (државни записи) во вкупен износ од 25,000 милиони денари со каматна стапка од 4% до 4,25%.

Приходи од провизии и надоместоци

Приходите по основ на провизии и надоместоци за 2023 година изнесуваат 37,855 милиони денари и претставуваат 94,19% во структурата на вкупните приходи.

Вкупните остварени приходи по основ на провизии и надоместоци покажуваат намалување за 8,151 милиони денари или процентен пад од 18% во деловната 2023 во однос на 2022 година.

Во однос на планираната годишна проекција во финансискиот план за 2023 година, остварените приходи од провизии и надоместоци покажуваат намалување за 7,170 милиони денари или процентен пад од 16%, во однос на годишната планирана проекција за 2023 година.

Подетално подолу се презентирани сите видови приходи од провизии и надоместоци поединечно:

- Остварените приходи од членките на Депозитарот по основ на нивната годишна членарина за 2023 година изнесуваат 1,157 милиони денари.
  Во вкупните приходи, овие приходи учествуваат со 2,88%. Реализацијата на приходите по овој основ покажува зголемување за 211 илјади денари или процентен пораст од 22 % во деловната 2023 година во однос на 2022 година. Зголемувањето на приходите по овој основ главно се должи на поголем исфактуриран надомест за пристап за членство, заради помали реализирани приходи по основ на порамнување на трансакции со акции и обврзници на овластена берза. Во рамките на планираната проекција приходите по основ на годишна членарина покажуваат зголемување за 249 илјади денари или процентен пораст од 27% во однос на финансискиот план.

- Остварените приходи по основ на порамнување во 2023 година изнесуваат 9,614 милиони денари. Во вкупните приходи учествуваат со 23,92%. Приходите по основ на порамнувањето на акции и обврзници на овластената берза го носат поголемото учество во структура на вкупните реализирани приходи од членките. Остварените приходи по основ на порамнувањето покажуваат намалување за 5,579 милиони денари или процентен пад од 37% во 2023 година во однос на 2022 година.
  Во однос на планираната проекција остварените приходи по основ на порамнување на трансакции покажуваат намалување за 4,386 милиони денари или процентен пад од 31% во 2023 година во однос на финансискиот план за 2023 година.

- Остварените приходи по основ на иницијален пристап во системот на Депозитарот за издавач на хартии од вредност изнесуваат 128 илјади денари. Учеството на овие приходи во вкупните приходи изнесува 0,32%. Остварените приходи по основ на иницијален пристап на друштвата во системот на Депозитарот бележат процентен пад како во поглед на нивната реализација во 2023 година во однос на 2022 година, така и во однос на планираната годишна проекција за 2023 година. Во однос на реализацијата, приходите по основ на иницијален пристап покажуваат намалување за 96 илјади денари или процентен пад од 43% во 2023 година во однос на 2022 година.
  Во однос на годишната планирана проекција реализираните приходи по основ на иницијален пристап покажуваат намалување за 16 илјади денари или процентен пад од 11%.

- Остварените приходи по основ на годишна евиденција за хартии од вредност, како и годишен надомест за водење на сметки на сопствениците хартии од вредност во 2023 година изнесуваат 15,283 милиони денари. Во вкупните приходи учествуваат со 38%. Реализираните приходи по основ на годишната евиденција на хартии од вредност покажуваат намалување за 200 илјади денари, но главно нивната реализација е со иста динамика како и во 2022 година.
  Вкупните остварени приходи по основ на годишната евиденција на хартии од вредност покажуваат реализација од 97% во 2023 година, т.е намалување за 480 илјади денари или процентен пад од 3% во однос на планираната годишна проекција за 2023 година.

- Остварените приходи по основ на годишен надомест за водење на евиденција на должнички долгорочни хартии од вредност со кои се тргува и не се тргува на пазарот, како и годишен надомест за водење на сметки на сопствениците на должнички долгорочни хартии од вредност изнесуваат 2,625 милиони денари. Приходите по овој основ учествуваат во вкупните приходи со 6,53%. Остварените приходи по основ на годишен надомест за водење на евиденција на должнички долгорочни хартии од вредност со кои се тргува и не се тргува на пазарот, како и годишен надомест за водење на сметки на сопствениците на должнички долгорочни хартии

од вредност се зголемени за 249 илјади денари или процентен пораст од 10% во деловната 2023 година во однос на 2022 година.
Остварените приходи по овој основ покажуваат зголемување за 125 илјади денари или процентен пораст од 5%, во однос на годишната планирана проекција во 2023 година.

- Остварените приходи по основ на упис на нови емисии на хартии од вредност во 2023 година изнесуваат 1,657 милиони денари. Во вкупните приходи истите учествуваат со 4,12%. Остварените приходи по основ на упис на нови емисии во 2023 година се реализирани со истата динамика како и во 2022 година.
  Во поглед на планираната годишна проекција, остварените приходи по основ на уписи на нови емисии на хартии од вредност во деловната 2023 година покажуваат намалување за 243 илјади денари или процентен пад од 13% во однос на годишната планирана проекција за 2023 година.

- Остварените приходи од правни лица (за извршени услуги по основ на упис на нетрговски преноси, услуги за преземање на АД, стандардни извештаи, акционерски книги во печатена форма и магнетен медиум, извршени услуги по основ на увиди и копии од акционерски книги, изводи, потврди за иматели на хартии од вредност, доставување на податоци до институции, корпоративни дејства, приходи од извештаи генерирани преку порталот и сл.) во 2023 година изнесуваат 6,321 милиони денари. Во вкупните приходи истите учествуваат со 15,73%. Остварените приходи по горе наведените основи, покажуваат намалување за 2,343 милиони денари или процентен пад од 27% во 2023 година во споредба со реализираните во 2022 година.
  Во однос на планираната проекција истите покажуваат намалување во износ од 1,279 милиони денари или процентен пад од 17% во 2023 година во однос на годишната планирана проекција за 2023 година.

- Остварените приходи од физички лица (за извршени услуги по основ на нетрговски преноси, увиди и копии од акционерски книги, изводи, потврди и слично) изнесуваат 1,070 милиони денари. Во вкупните приходи истите учествуваат со 2,66%. Остварените приходи по овој основ се за 392 илјади денари, или процентен пад од 27% во 2023 година во однос на 2022 година. Остварените приходи по основ на приходите од услуги на физичките лица во однос на годишната планирана проекција за 2023 година, покажуваат намалување за 810 илјади денари или процентуален пад од 43%.

- Остварените останати приходи од дејност во 2023 година изнесуваат 808 илјади денари. Овие приходи од дејност учествуваат со 2,01% во вкупните приходи. Во вкупните останати приходи од дејност се приходи од донации-амортизација за материјални и нематеријални вложувања добиени од страна на Европска Банка за обнова и развој (ЕБРД) за Проектот “Имплементација на дистрибутивниот систем-Портал на услуги на Депозитарот“, приходите по основ на позитивни курсни разлики, наплатени отпишани побарувања, наплатени провизии за услуги, приходи од поврат на полиса за менаџерско осигурување, како и други наплатени приходи. Остварените останати приходи од дејност во 2023 година покажуваат намалување за 850 илјади денари или процентен пад од 51% во 2023 година во однос на 2022 година.
  Во однос на планираната проекција останатите приходи од дејност покажуваат зголемување за 36 илјади денари или процентен пораст од 5%.

Расходи

Вкупните расходи остварени во деловната 2023 година изнесуваат 39,167 милиони денари, што претставува намалување во износ од 1,377 милиони денари или процентен пад од 3% во 2023 година во однос на реализираните во 2022 година.

Подетално подолу се презентирани сите видови реализирани расходи:

- Во 2023 година расходите за провизии и надоместоци главно се состојат од трошоци за банкарски провизии и истите изнесуваат 509 илјади денари. Расходите по овој основ во вкупните расходи учествуваат со 1,3%. Трошоците за провизии за банки покажуваат зголемување за 71 илјади денари или процентен пораст од 16% во 2023 година во однос на 2022 година. Трошоците за банкарски провизии и надоместоци во однос на годишната планирана проекција покажуваат зголемување за 109 илјади денари или процентен пораст од 27% во однос на планираното ниво. Ваквото зголемување на банкарските провизии и надоместоци, пред се, се должи на зголемување на надоместоците за провизии на банките

- Вкупните реализирани трошоци на име плати и трошоци по колективен договор (регрес и друго) изнесуваат 18,377 милиони денари и во структурата на вкупните расходи учествуваат со 46,92%. Во вкупните реализирани трошоци на име трошоци за вработените се следните трошковни износи: вкупен износ од 17,952 милиони денари на име реализирани трошоци по основ на бруто редовни плати на вработените и извршниот директор. Во вкупениот износ од 17,952 денари се вклучени износите на име вкупно реализираните трошоци на име бруто редовни плати за вработените во износ од 14,874 милиони денари како и бруто платата за извршниот директор во износ од 3,078 милиони денари. Во рамките на вкупните реализирани трошоци за вработените се реализирани и трошоците по основ на колективен договор на вработените (регрес за годишен одмор, здравствени прегледи, стручно оспособување) во износ од 425 илјади денари. Вкупните реализирани трошоци за вработените по основ на бруто плати и трошоците по основ на колективен договор во 2023 се реализирани по динамиката како и во 2022 година. Во однос на годишната планирана проекција во 2023 година вкупните реализирани трошоци на вработените покажуваат зголемување за 377 илјади денари или пораст од 2%.

- Реализацијата на вкупниот трошок на амортизација изнесува 2,719 милиони денари во 2023 година. Трошокот на амортизација учествува во вкупните расходи со 6,94%. Реализацијата на вкупниот трошок за амортизација покажува зголемување за 186 илјади денари, или 7% пораст во 2023 година во однос на 2022 година како резултат на реализирани набавки на хардверска и софтверска опрема за заедничкиот ИТ центар на Македонската берза и Депозитарот.
  Во однос на годишната планирана проекција вкупниот трошок на име амортизација покажува намалување за 366 илјади денари или процентен пад од 12% во 2023 година во однос на планираната годишна проекција.

- Исправката на вредност на побарувањата од акционерски друштва во 2023 година изнесува 718 илјади денари. Исправката на вредност на побарувањата од акционерски друштва, како трошковна ставка учествува со 1,83% од вкупните расходи на Депозитарот за 2023 година. Во рамките на трошокот на име исправка на вредноста на побарувањата е редовната исправка на акционерски друштва кои доцнат во наплатата, исправка на акционерски друштва во стечај, бришани акционерски друштва како и исправката на акционерски друштва за кои според

утврдени критериуми е направено обезвреднување поради неизвесноста на нивните плаќања.
Реализацијата по основ на трошокот за исправка на вредноста на побарувањата покажува намалување во реализацијата за 315 илјади денари, или процентен пад од 31% во 2023 година во однос на 2022 година.
Во однос на годишната планирана проекција реализираните трошоци на име отпис и исправка на ненаплатените побарувања исто така покажуваат намалување за 32 илјади денари или процентен пад од 4% во 2023 година од планот.
Стручните служби на Депозитарот постојано вршат мониторинг за наплата на ненаплатените побарувањата од страна на акционерските друштва, како и активности за нивна присилна наплата, во насока на намалувањето на трошокот на име отпис и исправка на ненаплатени побарувања.

Останатите расходи од дејност изнесуваат 16,844 милиони денари. Овие расходи учествуваат со 43% во вкупните расходи на Депозитарот.

Во рамките на останатите расходи од дејност се јавуваат следните трошковни ставки:

- Трошокот за регулаторниот надоместок спрема КХВна РСМ за надзор на Депозитарот изнесува 6,814 милиони денари. Трошокот за надоместокот кон КХВ учествува со 17,4% во структурата на вкупните расходи. Во однос на останатите расходи од дејност, надоместокот кој Депозитарот го плаќа кон КХВ учествува со 40,45% како најголем трошок во неговата структура. Реализираниот трошок-провизија по основ на овој регулаторен надоместок покажува намалување за 1,467 милиони денари или процентен пад од 18% во 2023 во однос на 2022 година.
  Во однос на годишната планирана проекција за 2023 година овој трошок покажува намалување за 1,290 милиони денари или процентен пад од 16% во 2023 година. Намалувањето се должи на намалена реализација на вкупни реализирани приходи од услуги во 2023 година во однос на 2022 година.

- Материјалните и слични трошоци во 2023 година изнесуваат 2,449 милиони денари со учество од 6,25% во вкупните расходи. Во овие трошоци спаѓаат канцеларискиматеријал, трошоци за електрична струја, парно, гориво, вода, ѓубретарина, потрошен ситен инвентар, автогуми и амбалажа, одржување хигиена, материјални трошоци за заедничките служби во Комплексот згради НБРСМ, резервни делови, потрошен материјал, списанија и стручна литература. Овие расходи во 2023 година се зголемени за 387 илјади денари или процентен пораст од 19%, во однос на 2022 година.
  Во однос на планираната проекција за 2023 година, овие трошоци се реализирани со намалување за 251 илјади денари или пад од 9%. Трошоците на име материјални и слични трошоци се тесно поврзани со деловното работење на Депозитарот.

- Трошоците за услуги изнесуваат 3,244 милиони денари со учество од 8,28% во вкупните расходи. Во трошоците за услуги се трошковните ставки на име трошоци за сервисни услуги за деловни активности, трошоци за поштенски услуги, телефонски трошоци, трошоци за мобилна т-фонија, нотарски, адвокатски, консултански и интелектуални услуги, интернет услуги, комуникациски услуги, комунална такса, други непроизводни услуги, трошоци за плати за заеднички служби на НБРСМ, трошоците за финансиска ревизија и други. Во 2023 година овие трошоци покажуваат намалување за 335 илјади денари или процентен пад од 9% во однос на 2022 година.

Во однос на годишната планирана проекција за 2023 година трошоците за услуги покажуваат намалување за 406 илјади денари или процентен пад од 11%.

- Трошоците за надомест за членови на Одбор на директори изнесуваат 1,474 милиони денари со учество од 3,76% од вкупните расходи. Реализираните трошоците за надомест на членови на Одбор на директори покажуваат намалување за 380 илјади денари или процентен пад од 21% во 2023 година во однос на 2022 година (намалувањето се должи на вкалкулирана награда за 2022 година).

- Реализираните трошоци за службени патувања во 2023 година, изнесуваат 288 илјади денари, со процентуално учество од 0,73% во вкупните расходи. Реализираниот трошок за службени патувања покажува значително зголемена реализација за 241 илјади денари или значителен процентен пораст од 516% во 2023 во однос на 2022 година, поради незначителна реализација на овие трошоци во 2022 година.
  Во однос на годишната планирана проекција реализираните трошоци за службени патувања во 2023 година покажуваат намалување за 62 илјади денари или процентен пад од 18%.

- Вкупните реализирани трошоци за репрезентација, реклама, спонзорство и донации во 2023 година изнесуваат 296 илјади денари со учество од 0,75% во вкупните расходи. Вкупните трошоци по овие основи покажуваат намалување за 48 илјади денари или процентен пад од 14% во 2023 година во однос на 2022 година.
  Вкупните реализирани трошоци за репрезентација, реклама, спонзорство, донации и пропаганда се реализирани по планираната годишна проекција за 2023 година.

- Реализираните трошоци на име осигурување во 2023 година изнесуваат 431 илјади денари, со учество од 1,1% во вкупните расходи. Во трошокот за осигурување влегува реализацијата на трошокот за осигурувањето на деловниот простор, опрема и мебел, менаџерско осигурување како и осигурување од професионална одговорност. Реализираните трошоци за осигурување во 2023 година се во рамките на нивната реализација како и во 2022 година. Реализацијата на трошоците за осигурување покажува зголемување за 31 илјади денари или процентен пораст од 8% во 2023 година во поглед на годишната планирана проекција.

- Реализацијата на другите трошоци во 2023 година изнесува 1,848 милиони денари, со учество од 4,72% од вкупните расходи. Овие расходи во најголем дел се направени по основ на плаќање членарини за Европска Асоцијација на Централни депозитари за хартии од вредност (ECSDA), Асоцијација на национални нумерички агенции (ANNA), членарина за бизнис картичка, судски и административни такси, трошоци за набавка на еднократни лиценци поврзани со дистрибутивниот систем и заедничкиот ИТ центар со Македонската Берза и слично. Реализацијата на другите останати трошоци покажува зголемување за 404 илјади денари или процентен пораст од 28% во 2023 година во однос на 2022 година.

  Во поглед на годишната планирана проекција реализацијата на други трошоци во 2023 година покажува намалување за 132 илјади денари или процентен пад од 7% во 2023 година.

* * *

Како резултат на остварени повисоки приходи од расходи, Депозитарот по Годишната сметка за 2023 година оствари добивка пред оданочување во износ од 1,021 милиони денари.

Пресметаниот данок на добивка за 2023 година е пресметан во износ од 0,00 илјади денари.

Добивката за финансиската година 2023 година изнесува 1,021 милиони денари.

* * *

Вкупната актива на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на 31.12.2023 година изнесува 107,122 милиони денари. Во структурата на активата на Депозитарот најликвидните средства во износ од 78,692 милиони денари (паричните средства, парични средства вложени во депозити во банки орочени на 12 (дванаесет) месеци, со рок на разрочување од три дена во текот на 2023 година, како и карткорочни вложувања кои се чуваат до доспевање-до една година) учествуваат со 73,46%, што ја изразува финансиската стабилност на Депозитарот.

Учеството на материјалните и нематеријални средства од 18,995 милиони денари, учествуваат со 17,73% од вкупната актива.

Побарувањата од комитенти во голем дел произлегуваат од годишните членарини за водење на акционерските книги на акционерските друштва, побарувањата од приходи за порамнување на овластена берза за месец декември 2023 година, како и од услугите извршени за Министерство за финансии на Република Северна Македонија (побарувања за годишниот надоместок за водењето на евиденцијата на долгорочни должнички хартии од вредност) кои се фактурирани на крајот од годината. Побарувањата од комитенти изнесуваат 7,554 милиони денари или 7,05% од вкупната актива.

Во рамките на вкупната актива се и следните ставки: вложување од 1(една) акција во АННА-Асоцијација на национални нумерички агенции во износ од 76 илјади денари и останати побарувања во вкупен износ од 1,196 милиони денари. Во останати побарувања се побарувањата по основ на камати од орочени депозити, побарувања по основ на поврат на данок на добивка, побарувања по основ на преземени материјални и нематеријални средства од стечајни постапки и ликвидации и др.

Во рамките на вкупната актива е билансната ставка одложени приходи и однапред платени трошоци во вкупен износ од 609 илјади денари во која влегуваат разграничени трошоци во период од 2023-2025 година.

Вкупната пасива на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на 31.12.2023 година изнесува **107,122 милиони денари.** Вкупните обврски на 31.12.2023 година изнесуваат 3,335 милиони денари со учество од 3,11% во вкупната пасива.
Во рамките на останати обврски во вкупен износ од 2,540 милиони денари се вклучени износите за обврски спрема добавувачите (1,951 милиони денари) кои достасуваат во Јануари 2024 година, обврски по данок на додадена вредност за месец декември 2023 година (580 илјади денари) и останати обврски (9 илјади денари).

Во вкупните обврски се прикажани и ставките за износите на обврската за аконтација на данок на добивка за декември 2023 година во износ од 84 илјади денари, како и обврски по основ на одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди во износ од 711 илјади денари.

Капиталот и резервите на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на ден 31.12.2023 година изнесуваат 103,787 милиони денари со учество од 96,89% во вкупната пасива.

Во рамките на капиталот и резервите запишаниот капитал изнесува 48.306 милиони денари, резервите 22,256 милиони денари, добивката за финансиската година 2023 година изнесува 1,021 милиони денари и задржана добивка 32,204 милиони денари.

Одбор на директори
Претседател

Иван Штериев

ЦДХВ АД Скопје

Прилог 1

Биланс на успех за период 01-01-31-12-2023 година

во денари

РБ	Приходи	2022	2023	Индекс 2023/2022	Финансиски план 2023	Индекс 2023/План
1	**Приходи од камати**	**710,216**	**1,524,938**	**215**	**800,000**	**191**
2	**Приходи од провизии и надоместоци**	**46,006,016**	**37,855,006**	**82**	**45,024,811**	**84**
	Надомест за прием на нови членки	0	0	0	330,000	0
	Годишна членарина за членство на берзански посредници, членки ОТЦ и членки чувари	946,017	1,156,690	122	907,968	127
	Приходи од порамнување на овластена берза	15,193,383	9,613,568	63	14,000,000	69
	Надомест за иницијален пристап во системот на ЦДХВ за издавач на хартии од вредност	224,000	128,000	57	144,000	89
	Приходи од годишен надомест за водење на евиденција на хартии од вредност, годишен надомест за водење на сметки на сопствениците на хартии од вредност, годишен надомест за водење на евиденцијата за акциите на издавач со пасивен статус	15,483,015	15,283,138	99	15,762,843	97
	Годишен надомест за водење на евиденција на ДХВ со кои се тргува и не се тргува на пазарот,како и годишен надомест за водење на сметки на сопственици на ДХВ	2,376,369	2,624,544	110	2,500,000	105
	Приходи од упис на емисии	1,656,410	1,657,516	100	1,900,000	87
	Приходи од правни лица за извршени услуги по Тарифа на ЦДХВ АД Скопје	8,664,150	6,321,387	73	7,600,000	83
	Приходи од физички лица за извршени услуги по Тарифа на ЦДХВ АД Скопје	1,462,672	1,070,163	73	1,880,000	57
3	**Останати приходи од дејност**	**1,658,466**	**808,098**	**49**	**772,344**	**105**
	Приходи од амортизација од донација	449,557	242,344	54	242,344	100
	Други приходи од дејност	1,208,909	565,754	47	530,000	107
4	**Вкупни приходи**	**48,374,698**	**40,188,042**	**83**	**46,597,155**	**86**

Биланс на успех за период 01-01-31-12-2023 година

во денари

РБ	Расходи	2022	2023	Индекс 2023/2022	Финансиски план 2023	Индекс 2023/План
1	**Расходи од провизии и надоместоци**	**437,714**	**509,372**	**116**	**400,000**	**127**
	Провизии од банки	437,714	509,372	**116**	400,000	127
2	**Трошоци вработени**	**18,503,444**	**18,376,973**	**99**	**18,000,000**	**102**
3	**Амортизација**	**2,533,021**	**2,719,210**	**107**	**3,085,534**	**88**
4	**Исправка на вредност на побарувања**	**1,033,082**	**717,439**	**69**	**750,000**	**96**
5	**Останати расходи од дејност**	**18,036,734**	**16,844,297**	**93**	**18,884,494**	**89**
	Материјални и слични трошоци	2,061,846	2,448,763	119	2,700,000	91
	Трошоци услуги	3,578,978	3,244,224	91	3,650,000	89
	Провизија за КХВ	8,280,939	6,813,903	82	8,104,466	84
	Одбор на директори	1,854,339	1,473,871	79	1,400,028	105
	Трошоци за службени патувања	46,801	288,520	616	350,000	82
	Трошоци за репрезентација,реклама, спонзорство, донации и пропаганда	343,783	295,600	86	300,000	99
	Осигурување	426,373	431,395	101	400,000	108
	Други трошоци	1,443,675	1,848,021	128	1,980,000	93
6	**Вкупни расходи**	**40,543,995**	**39,167,291**	**97**	**41,120,028**	**95**
7	***Добивка пред оданочување***	***7,830,703***	***1,020,751***	**13**	***5,477,127***	***19***
8	***Загуба пред оданочување***	***0***	***0***	**0**	***0***	***0***
9	***Данок од добивка***	***942,089***	***0***	**0**	***0***	***n/a***
10	***Добивка за финансиската година***	***6,888,614***	***1,020,751***	**15**	***0***	***n/a***
11	***Загуба за финансиската година***	***0***	***0***	***0***	***0***	***0***

Биланс на состојба за период 01-01-31-12-2023 година

АКТИВА

во денари

Назив на позиција	2022	2023	Индекс 2023/2022
1.Парични средства и парични еквиваленти	**3,385,969**	**1,393,283**	**41**
2.Кредити и депозити и побарувања од банки и комитенти	**91,743,317**	**84,852,956**	**92**
Депозити	84,331,682	52,299,170	62
Краткорочни вложувања кои се чуваат до доспевање	0	25,000,000	0
Побарувања од комитенти	7,411,635	7,553,786	102
3.Вложувања во банки	**76,471**	**76,471**	**100**
4.Нематеријални средства	**496,933**	**648,769**	**131**
Нематеријални средства	496,933	648,769	131
Нематеријални средства во подготовка	0	0	0
5.Материјални средства	**15,618,892**	**18,345,856**	**117**
Материјални средства	15,618,892	18,345,856	117
Материјални средства во подготовка	0	0	0
Останати материјални средства	0	0	0
6.Останати средства/Побарувања	**679,389**	**1,195,931**	**176**
Побарувања од данок на добивка	524,026	1,045,692	н/а
Останати Побарувања	155,363	150,239	97
7.Одложени приходи и однапред платени трошоци	**807,940**	**609,129**	**75**
ВКУПНА АКТИВА	***112,808,911***	***107,122,395***	***95***

Биланс на состојба за период 01-01-31-12-2023 година

ПАСИВА

во денари

Назив на позиција	2022	2023	Индекс 2023/2022
1.Обврски	**4,042,390**	**3,335,123**	**83**
Останати обврски	1,277,205	2,540,263	199
Обврски по данок на добивка	130,309	84,002	64
Одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди	2,634,876	710,858	27
2.Капитал и резерви	**108,766,521**	**103,787,272**	**95**
Запишан капитал	48,305,935	48,305,935	100
Резерви	18,764,156	22,256,186	119
Добивка за финансиската година	6,888,614	1,020,751	15
Загуба за финансиката година	0	0	0
Задржана добивка	34,807,816	32,204,400	93
ВКУПНА ПАСИВА	***112,808,911***	***107,122,395***	***95***

Прилог 2

Евидентирани нови акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2023 година

Назив	Емисија	Регистрација во системот на ЦДХВ	Број на новоиздадени хартии од вредност	Вкупна вредност на емисијата
АД ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРЕНОС НА ПРИРОДЕН ГАС НОМАГАС СКОПЈЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ	ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА	12.1.2023	583.570 ОБИЧНИ АКЦИИ	58.357.000 ЕУР
АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО КОШАРКАРСКИ КЛУБ ФЕНИКС 2010 СКОПЈЕ	ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА	17.1.2023	2.510 ОБИЧНИ АКЦИИ	25.100 ЕУР
АД ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ОСИГУРУВАЊЕТО ИНВЕСТ ПОЛИСА АД ШТИП	ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА	03.5.2023	1.500 ОБИЧНИ АКЦИИ	15.000 ЕУР
КК СТРУМИЦА 2022 АД СТРУМИЦА	ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА	07.7.2023	2.500 ОБИЧНИ АКЦИИ	25.000 ЕУР
ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ПРВА ЖИВОТ АД СКОПЈЕ	ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА	07.8.2023	4.000 ОБИЧНИ АКЦИИ	4.000.000 ЕУР
ДРУШТВО ЗА СПОРТСКИ ДЕЈНОСТИ КОШАРКАРСКИ КЛУБ ВАРДАР АД СКОПЈЕ	ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА	21.8.2023	100 ОБИЧНИ АКЦИИ	2.446.500 МКД
ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКО ДРУШТВО ГРЕКО ИНТЕРНАЦИОНАЛ АД СКОПЈЕ	ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА	09.10.2023	500 ОБИЧНИ АКЦИИ	50.000 ЕУР
АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА, БИТОЛА	ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА	25.10.2023	60.000 ОБИЧНИ АКЦИИ	3.000.000 ЕУР

Евидентирани нови емисии на постојни акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2023 година

Назив	Емисија	Регистрација во системот на ЦДХВ	Број на новоиздадени хартии од вредност	Вкупна вредност на емисијата
СИЛК РОУД БАНКА АД СКОПЈЕ	11-ТА ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА	12.1.2023	1.709 ОБИЧНИ АКЦИИ	61.713.699 МКД
КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД - ДРУШТВО ЗА НЕЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ СКОПЈЕ	5 ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА	14.3.2023	25.000 ОБИЧНИ АКЦИИ	2.500.000 ЕУР
ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ	3-ТА ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА	17.5.2023	57.698 ОБИЧНИ АКЦИИ	57.698.000 МКД
ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД СКОПЈЕ	8 ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА	25.5.2023	400.000 ОБИЧНИ АКЦИИ	4.000.000 ЕУР
НОМАГАС АД Скопје	ВТОРА ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА	05.6.2023	33.108 ОБИЧНИ АКЦИИ	3.310.800 ЕУР
ХАЛК БАНКА АД СКОПЈЕ	20-ТА ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА	08.8.2023	184.500 ОБИЧНИ АКЦИИ	1.845.000.000 МКД
ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЗАДОЛЖИТЕЛНИ И ДОБРОВОЛНИ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ ТРИГЛАВ ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ	3-ТА ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА	18.8.2023	20.000 ОБИЧНИ АКЦИИ	1.000.000 ЕУР
ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ НА ДОБРОВОЛНИ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ ВФП ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ	2-РА ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА	29.9.2023	75.000 ОБИЧНИ АКЦИИ	75.000 ЕУР
ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД СКОПЈЕ	9-ТА ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА	04.12.2023	300.000 ОБИЧНИ АКЦИИ	3.000.000 ЕУР
БРОКЕРСКА КУЌА ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД СКОПЈЕ	2-РА ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА	20.12.2023	1.000 ОБИЧНИ АКЦИИ	50.000 ЕУР

Евидентирани стечаи над акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2023 година

КОМБИТЕКС АД ПРИЛЕП ВО СТЕЧАЈ
БЕТОН АД СКОПЈЕ ВО СТЕЧАЈ
БАРГАЛА АД ШТИП ВО СТЕЧАЈ
АГРОСЕРВИС АВТОКУЌА АД СКОПЈЕ ВО СТЕЧАЈ

Акционерски друштва кои во 2023 година се повлечени во историската база на податоци на ЦДХВ заради преобразба на друштвата во ДОО.

ФАВОРИТ ВМ АД ШТИП
ЦАР САМУИЛ БАЊА БАНСКО АД СТРУМИЦА
АГРОСТРМОШ АД СКОПЈЕ

Акционерски друштва кои во системот на ЦДХВ во 2023 година се евидентирани дека се бришани во Ц.Р.

ГА-МА АД СКОПЈЕ-БРИШАНО ЗАРАДИ СПОЈУВАЊЕ СО ОСНОВАЊЕ НА НОВО АД
НЕР АД СКОПЈЕ - БРИШАНО ЗАРАДИ СПОЈУВАЊЕ СО ОСНОВАЊЕ НА НОВО АД
МЛАДИНА АД СКОПЈЕ ВО СТЕЧАЈ
КОМБИТЕКС АД ПРИЛЕП ВО СТЕЧАЈ
МАКТРАНС АД СКОПЈЕ ВО СТЕЧАЈ
РУДКОП АД СКОПЈЕ ВО СТЕЧАЈ
ПРОСВЕТА АД КУМАНОВО ВО СТЕЧАЈ
ИЦН ФАРМ АД СКОПЈЕ ВО СТЕЧАЈ
АГРО-ЛОЗАР АД ВО СТЕЧАЈ
КЕН АД КУМАНОВО ВО СТЕЧАЈ
МАГМА ОСИГУРУВАЊЕ АД СКОПЈЕ ВО ЛИКВИДАЦИЈА
СИНИ КРИСТАЛ АД ТЕТОВО ВО ЛИКВИДАЦИЈА
ТОПОЛА АД СКОПЈЕ
ПОЛЕТ АД
АГРОХЕМИЗАЦИЈА АД СКОПЈЕ ВО СТЕЧАЈ
ЕЛЕКТРОРАМА-М АД СКОПЈЕ БРИШАНО ЗАРАДИ ПРИСОЕДИНУВАЊЕ КОН ДРУГО ДРУШТВО
ЗЕМ ПРОМЕТ АД СКОПЈЕ ВО СТЕЧАЈ
БАДЕЛ 1862 АД СКОПЈЕ ВО ЛИКВИДАЦИЈА

Акционерски друштва кои во системот на ЦДХВ во 2023 година се евидентирани дека се во ликвидација.

-

Акционерски друштва кои во 2023 година кои се активирани во системот на ЦДХВ заради излегување од стечај со план за реорганизација на друштвото, укинато решение за стечај или ликвидација, или укинато решение за бришење од Ц.Р.

-

Акционерски друштва кои во 2023 година, издале корпоративни обврзници.

УНИ БАНКА АД СКОПЈЕ

Акционерски друштва кои во 2023 година извршиле намалување на основна главнина на друштвото.

ЛИБЕРТИ АД СКОПЈЕ

Акционерски друштва кои во 2023 година извршиле поништување на сопствени акции со зголемување на номинална вредност на акциите.

-

Акционерски друштва кои во 2023 година извршиле конверзија на номинална вредност на акции од ДЕМ во ЕУР.

ВАРДАР БРВЕНИЦА АД
ТРГОТЕКСТЛ ЗС АД СКОПЈЕ

Акционерски друштва кои во 2023 година извршиле поделба на акции.

ФК ВАРДАР АД СКОПЈЕ